СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА Ф

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски, словенечки и македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Народната банка за претплата и посебни изданија 101-13-602-32 за огласи 101 13-602-31.

Недела, 25 јули 1965

БЕЛГРАД

БРОЈ 34 ГОД. XXI

Цена на овој број е 390.— дин. — Претплата за 1965 година изнесува 4.500.— дин. а за странство 3.500.— динари — Редакција: Улица Јована Ристића бр. 1. Поштенски фах 226 — Телефони: централа 30-931, 50 932, 50-933 и 51 661 Служба за претплата 51-732 и Продавница служба 51-671

607.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Се прогласува Законот за царинската тарифа, што го усвои Сојузната скупштина на заедничката седница на Сојузниот собор и Стопанскиот собор од 24 јули 1965 година.

П. Р. бр. 336
24 јули 1965 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Го заменува Претседателот
на Сојузната скупштина
Потпретседател,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

З А К О Н
ЗА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

I. Општи одредби

Член 1

На стоки што се увезуваат во царинското подрачје на Југославија се плаќа царина по стопите утврдени во Царинската тарифа, која е составен дел од овој закон.

Член 2

Царинската основица на која се применуваат стопи од Царинската тарифа ја сочинува вредноста на стоки по нормалната цена на стоки што се увезуваат.

Како нормална цена во смисла на овој закон се подразбира цената по која се продава стока на пазарот помеѓу меѓусебно независен купувач и продавач, и тоа на денот на настанувањето на обврската за плаќање царина (член 5).

Нормалната цена на стоки опфаќа и трошоци, такси и други издатоци што се однесуваат на продажба на стоки, како и трошоци за превоз, осигурување и допрема на стоки до југословенската граница.

Член 3

Продажба на стоки на пазарот помеѓу меѓусебно независен купувач и продавач во смисла на овој закон значи:

1) дека плаќањето на цената на стока претставува единствен издаток на купувачот;

2) дека врз цената на стока не влијаел никаков трговски, финансиски или друг однос, по основот на договор или на друг начин, помегу продавач односно лице во деловни врски со продавач и купувач односно лице во деловни врски со купувач, исклучувајќи го односот настанат со купување на таа стока;

3) дека никаква добивка од наредна продажба, употреба или располагање со стока нема да настане непосредно или посредно за продавач или лица во деловни врски со него.

Ќе се смета дека купувач и продавач се во деловни врски непосредно или посредно, ако е едниот од нив заинтересиран во работите или имотот на другиот, или ако обата имаат заеднички интерес во некоја работа или имот, или ако некое трето лице е заинтересирано во работата или имотот на обајцата.

Член 4

Ако царинската основица се утврдува врз база на вредноста на стока произведена врз основа на патентиран пронајдок, или ако е во прашање стока при чија изработка е користен некој патентиран нацрт односно која е увезена од странска трговска марка, нормалната цена во смисла на членот 2 на овој закон се определува под претпоставка дека цената на стока ја опфаќа и вредноста на правото на употреба на патент, нацрт или трговска марка.

Член 5

Износот на царината која се плаќа на стока што се увезува се утврдува со примена на прописи и царински стопи што важат на денот на преминувањето на односната стока преку царинската линија.

Износот на царината за стока што била привремено увезена, се утврдува со примена на прописи и стопи што важат на денот на поднесувањето барање за дефинитивно царинење.

Износот на царината за стока привремено сместена на консигнационен лагер се утврдува со примена на прописи и стопи што важат на денот на продажбата на таа стока.

На стока увезена како замена за стока што била вратена во странство по нејзино предавање на увозник (корисник) се применуваат стопи што биле во сила во моментот на увозот на вратената стока.

Член 6

Вообичаена (стандардна) амбалажа не се царини посебно доколку нормалната цена на стока (член 2) ја опфаќа вредноста и на амбалажата.

Ако нормалната цена претставува вредност на стока без амбалажа, а амбалажата треба посебно да се плати, царина за амбалажата се плаќа по стопи што се пропишани за стока што е запакувана во таа амбалажа.

За амбалажа што се праќа посебно, во иста или одвоена пратка, како и за амбалажа изработена од невообичаен (нестандарден) односно специјално нарачан материјал, царина се плаќа по стопа предвидена за стока во која спаѓа таква амбалажа.

Член 7

Како нормална цена во смисла на членот 2 од овој закон, може да се земе цената од фактура, под услов таа цена да ги содржи и сите трошоци, такси и други издатоци од членот 2 став 3 на овој закон.

Ако недостигаат податоци за утврдување на нормална цена во смисла на ставот 1 од овој член, царинските органи ќе бараат од подносителот на декларација да ги дополни податоците.

Ако во постапка за царинење, при претходен преглед на исправи или преглед на стока, царинските органи најдат дека, со оглед на околностите под кои се врши увоз, има место за претпоставка дека фактурната цена не ѝ одговара на нормалната цена од членот 2 на овој закон, тие ќе ја утврдат царинската основица согласно со одредбите од овој закон. За таа цел царинските органи можат да бараат од подносителот на декларација или од други увозници односно претпријатија што застапуваат странски фирми да им ја поднесат на увид соодветната документација и да даваат потребни известувања.

Член 8

Управата за царини издава за потребите на царинарниците листи на текуштите цени по постапката што ја пропишува сојузниот секретар за финансии. Овие листи се составуваат врз основа на одредбите од овој закон за нормалната цена. Увозникот може во постапката за царинење да докажува дека цената на стока од листата на текуштите цени не ѝ одговара на нормалната цена на стоката.

Член 9

За стока што не е опфатена со листата на текуштите цени а се увезува без плаќање противвредност, царинската основица ја утврдува царинскиот орган со вештачење или на друг соодветен начин.

Член 10

Ако се увезува употребувана стока за царинска основица ќе се зема нормалната цена на истовидна нова стока

Сојузниот извршен совет може да пропише во кои случаи царинската основица се утврдува според степенот на истрошеност на таа стока.

Член 11

Царинење на стоки што југословенски и странски државјани ги примаат во пратки од странство се врши со примена на единствена царинска стопа од 25% врз вкупната вредност на стока во пратката, ако во пратката се наоѓаат два или повеќе видови стоки чија вкупна вредност не надминува 40.000 динари и ако е очигледно дека стоката е наменета исклучиво за потребите на домаќинството на лицето што ја прима пратката.

Во вредноста на стоката во смисла на ставот 1 од овој член не се засметува вредноста на стока во пратка на која според царинската тарифа не се плаќа царина.

Член 12

Царинење на стоки што југословенски државјани и странски државјани со живеалиште во Југославија ги внесуваат за потребите на своето домаќинство при враќање од патување во странство, ќе се врши со примена на единствена царинска стопа од 25% врз вкупната вредност на внесената стока, не сметајќи ја вредноста на стока за која е одобрена повластица од членот 19 на овој закон и на стока на која според царинската тарифа не се плака царина.

Сојузниот секретар за финансии може да пропише одделни видови стоки да се исклучат од примена на одредбата на ставот 1 од овој член. Стока исклучена од примена на одредбата на ставот 1 од овој член ќе се царини по стопата предвидена во Царинската тарифа.

Член 13

При увозот на стоки што биле привремено извезени заради преработка, доработка, обработка или поправка, се плаќа царина на вредноста на извршената преработка, доработка, обработка или поправка во странство, вклучувајќи ја и вредноста на материјалот употребен за та цел, а по стопата предвидена во царинската тарифа за стоки што се увезуваат како преработени, доработени, обработени односно поправени.

Член 14

При враќање во странство на привремено увезени стоки, се плаќа царина на разликата помеѓу вредноста на стоката што таа ја имала на денот на привремениот увоз и на денот на нејзиното враќање во странство, ако е вредноста на стоката намалена поради употреба, користење или друго располагање, та тоа на подносителот на декларацијата или на други лица им донесло или можело да им донесе определена непосредна корист.

Член 15

Одредбите од овој закон нема да се применуваат на плаќање царина за увезени стоки, ако плаќањето на царината е регулирано поинаку со меѓународни договори.

Член 16

Стопите предвидени во Царинската тарифа се применуваат на стоки со потекло од земји што со Југославија склучиле договор со клаузула на најголемо повластување или што таа клаузула ја применуваат на стоки од југословенско потекло.

На стоки од други земји се применуваат стопите предвидени во Царинската тарифа наголемени за 50%.

Член 17

Ако некоја земја во поглед на плаќањето на царината на стоки од југословенско потекло или царинската постапка со југословенски бродови или со други превозни средства не постапи на ист начин како со стоки, бродови и превозни средства на други земји, сојузниот секретар за финансии може да пропише на стоки од таква земја да се плаќа додатна царина односно на стоки или превозни средства од таква земја да се примени посебна постапка, водејќи при тоа сметка за преземените обврски во меѓународни спогодби и договори.

Ако за стоките од ставот 1 на овој член на кои се применува противмерка, со Царинската тарифа не е предвидено плаќање царина, сојузниот секретар за финансии може за такви стоки да определи царина во процент од вредноста на стоката.

II. Ослободување од плаќање царина

Член 18

Не се плаќа царина:

1) на предмети што служат за лични потреби на патникот додека се наоѓа на патување (личен багаж), без оглед дали патникот ги носи со себе или му ги дал на превоз на возач;

2) на предмети што југословенски и странски државјани ги примаат од странство во пратки, ако вкупната вредност на стока во пратка не надминува 4.000 динари;

3) на предмети од своето домаќинство, освен на моторни возила, што ќе ги увезат или внесат југословенски државјани што биле преместени на служба во странство во трајање од најмалку една година, ако тие предмети ги внесат или увезат во рок од шест месеци од денот на враќањето во Југославија.

Кои предмети спаѓаат во предмети на домаќинство и во која количина можат да бидат ослободени од плаќање царина, пропишува сојузниот секретар за финансии;

4) на наследени предмети што југословенски државјани ќе ги внесат или примат од странство;

5) на предмети на домаќинство и неопходен стопански инвентар, освен на моторни возила, што ќе ги увезат југословенски и странски државјани што се доселуваат заради постојано населување во Југославија, а во количини кои очигледно не се наменити за продажба.

Југословенски државјани можат да ја користат повластицата од точката 5 на овој член ако постојано престојувале во странство најмалку 10 години, а странски државјани — ако од надлежниот орган добиле одобрение за населување во Југославија.

Лицата од точката 5 на овој член што порано биле постојано населени во Југославија, не плаќаат царина ниту на моторно возило што ќе го увезат при доселување во Југославија, ако од Југославија се иселиле пред шести април 1941 година.

Како стопански инвентар, во смисла на точката 5 од овој член, се подразбираат предмети потребни за вршење на редовното занимање на доселено лице, ако тоа според важечките прописи може да се занимава со такво занимање.

Повластицата од точката 5 на овој член може да се користи само за предмети што ќе се увезат во рок од шест месеци од денот на доселувањето односно од денот на добивањето на одобрение за уселување и постојано населување во Југославија. Овој рок Управата за царини може да го продолжи ако тоа го бараат посебни околности под кои се врши доселувањето;

6) на предмети што ги внесуваат од странство членови на посада на југословенски бродови што сообраќаат со странство до вкупната вредност од 100.000 динари во текот на една календарска година, под услов таквите лица да поминале на непрекината пловидба надвор од домашните територијални води непрекинато најмалку 2 месеца или вкупно шест месеци во текот на календарската година;

7) на рекламен материјал и мостри што државни органи, работни и други организации ќе ги примат бесплатно од странство.

Сојузниот секретар за финансии може да донесе поблики прописи за тоа кои предмети ќе се сметаат како рекламен материјал и мостри.

8) на стоки што се увезуваат заради вообичаена распределба и потрошувачка на саеми и изложби на кои учествуваат и странски излагачи.

Сојузниот секретар за финансии ќе го пропише видот и количината на стоки што можат да се увезуваат со повластицата од точката 8 на овој член како и постапката за ослободување од плаќање царина;

9) на стоки што државни органи, работни и други организации ќе ги примат бесплатно од странство за научни, просветни, здравствени или социјални цели;

10) на инструменти, апарати и машини наменети исклучиво за научна работа или настава, ако се увезуваат за потребите на установи што се занимаваат со научноистражувачка или наставна дејност;

11) на предмети за збирки и уметнички предмети наменети за музеи, галерии и други јавни установи;

12) на одликувања, изложбени медали, споменици, спортски и други трофеи и слични предмети, што југословенски државјани ги добиваат во странство;

13) на сопствени дела на југословенски научници, писатели и уметници, што овие ги внесуваат од странство;

14) на учила што ќе ги внесат за своите потреби југословенски ученици и студенти што студираат во странство или странски ученици и студенти што студираат во Југославија;

15) на ортопедски и други помагала што инвалиди ќе ги внесат или примат од странство за лична употреба;

16) на гориво и мазиво во резервоари на превозни средства, што се непосредно врзани со моторот;

17) на предмети од помала вредност до вкупно 10.000 динари што заради замена на дотраен или уништен дел се набавуваат и се вградуваат во превозно средство за време на неговото престојување во странство;

18) на производи на земјоделството и сточарството добиени на имоти на југословенски државјани што се наоѓаат на пограничен појас, како и на приплод и други производи добиени од добиток кој поради полски работи, пасење или зимување се наоѓа во пограничниот појас;

19) на стоки од југословенско потекло што непродадени се враќаат од странство во Југославија;

20) на сите предмети однесени од Југославија за време на војната што врз основа на меѓународните договори за реституција се враќаат во Југославија.

Член 19

Ако корисникот на повластица што бил ослободен од плаќање царина за определена стока, пред истекот на рокот од 5 години од денот на увозот, има намера да отуѓи таква стока, да му ја отстапи на друго лице на употреба или на некој друг начин да ја употреби за други цели, а не за оние поради кои е ослободена од царина, тој е должен претходно да ја плати царината од која бил ослободен.

Царината се пресметува на основицата утврдена во моментот на увозот, а според царинските прописи што важат на денот на поднесувањето на барањето за плаќање царина. Така утврдениот износ на царина се намалува за една петина за секоја година изминати од денот на увозот.

Одредбите од ст. 1 и 2 на овој член не се однесуваат на повластиците од членот 18 точ. 13, 18 и 19 на овој закон.

Член 20

Стоки за кои е предвиден царински контингент можат да се ослободат од плаќање царина или за увоз на овие стоки да се предвиди пониска царинска стопа.

Сојузниот извршен совет ги определува царинските контингенти, пониските царински стопи односно ослободување од плаќање царина.

Сојузниот извршен совет може да ги пропише рамките во кои сојузниот секретар за финансии во спогодба со сојузниот секретар за надворешна трговија може за предвидените контингенти да ја намали царинската стопа односно да ги ослободи од плаќање царина.

Член 21

Сојузниот секретар за финансии, во спогодба со сојузниот секретар за надворешна трговија, може да одобри увоз на стоки без плаќање царина под услов увозникот претходно или најдоцна во рок од три месеци од денот на увозот да извезе во странство стоки во иста количина и од истиот тарифен став.

Во оправдани случаи сојузниот секретар за финансии, на предлог од сојузниот секретар за надворешна трговија, може рокот од ставот 1 на овој член да го продолжи уште за три месеци.

Ако извоз на стоки не биде извршен во рокот предвиден во ставот 1 односно во продолжениот рок од ставот 2 на овој член, надлежните царинарници ќе наплатат царина на увезените стоки.

Ако вредноста на увезените стоки од ставот 1 на овој член е поголема од вредноста на извезените стоки, на разликата на вредноста на стоките се плаќа царина.

Член 22

На елементи и делови од вооружување и воена опрема, како и на опрема и делови за производство на вооружување, што се увезуваат за потребите на народната одбрана и милицијата, не се плаќа царина. Решение за ослободување од плаќање царина донесува сојузниот секретар за финансии, во спогодба со државниот секретар за народна одбрана односно со сојузниот секретар за внатрешни работи.

III. Стручна царинска комисија

Член 23

Сојузниот секретар за финансии ќе формира стручна царинска комисија која на Сојузниот секретаријат за финансии му дава мислење за предлози за измена и дополнение на важечката Царинска тарифа, како и за донесување нова царинска тарифа.

Поблиски прописи за составот, задачите и работењето на стручната царинска комисија донесува сојузниот секретар за финансии.

IV. Лежарина

Член 24

За стоки сместени во царински магацин или во царински склад, се плаќа лежарина за секој килограм бруто тежина на стока, и тоа:

1) за стоки сместени во царински магацин — по два динари дневно;

2) за стоки сместени во царински склад — по 1 динар дневно.

Лежарината ја плаќа подносителот на декларацијата, заедно со давачките што се плаќаат при царинење на стоки. За стоки што лежат во царински магацин или во царински склад по уплатувањето на давачките, посебно се пресметува и се наплатува лежарина.

V. Посебни мерки

Член 25

Ако на странски пазар дојде до промени што бараат итно спречување на растројствата на внатрешниот пазар што би настанале со примена на постојната царинска стопа, Сојузниот извршен совет може постојната царинска стопа да ја зголеми или намали.

Во случајот од ставот 1 на овој член Сојузниот извршен совет може постојната царинска стопа да ја зголеми или намали до 50% од пропишаната стопа, а ако во Царинската тарифа не е предвидена стопа за определени стоки, Сојузниот извршен совет може за такви стоки да определи царинска стопа до 15%.

Член 26

Ако увоз на производи по цена пониска од нормалната цена нанесува или ако може да му нанесе штета на стопанството на Југославија, ќе се наплати дополнителна царина во износ кој претставува разлика помегу нормална цена и цената по која е купена таа стока.

Ако се увезуваат производи за кои во земјата на потеклото или извозот е одобрена субвенција, може заради неутрализирање на субвенцијата да се наплати компензаторна давачка до износот на субвенцијата.

Се овластува Сојузниот извршен совет да донесе поблиски прописи за условите за примена на одредбите од ст. 1 и 2 на овој член.

Член 27

За увоз на производи од земјите во развој можат да се определат преференцијални царински стопи. Овие стопи ги определува Сојузниот извршен совет.

Член 28

Ако увезена стока е употребена за производство на домашни стоки, платената царина може да се врати ако таква домашна стока се извезе.

Сојузниот секретар за финансии ќе ги пропише условите под кои се врши враќање на царината во смисла на ставот 1 од овој член.

VI. Преодни и завршни одредби

Член 29

Од денот на влегувањето во сила на овој закон та до истекот на рокот од 8 дена од денот на неговото објавување во „Службен лист на СФРЈ", пресметувањето и наплатувањето на царини ќе се врши според прописите што важеле до влегувањето во сила на овој закон.

По истекот на рокот од ставот 1 на овој член ќе се изврши според одредбите на овој закон повторно пресметување на царината пресметана и платена според ставот 1 од овој член и ќе се наплати односно врати разликата. Повторно пресметување на царината односно наплатување или враќање на разликата ќе се изврши во рок од 40 дена од денот на објавувањето на овој закон.

Повторно пресметување на царината од ставот 1 на овој член нема да се врши за стока што граѓани ќе ја увезат, внесат односно примат во пратки од странство, освен за моторни возила.

Член 30

Југословенски државјани амнестирани според Законот за амнестијата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/62) имаат право на користење на повластицата од членот 18 точка 5 на овој закон ако се вратат во Југославија.

Поблиски прописи за начинот на утврдување на царинската основица, за постапката за остварување на правото на ослободување од плаќање царина, како и за примена на членот 29 од овој закон, донесува сојузниот секретар за финансии.

Член 32

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат Уредбата за Привремената општа царинска тарифа („Службен лист на ФНРЈ", бр. 4.62, 16/62, 42/62, 49/62, и 4/63 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 5/64, 30/64 и 51/64) и сите прописи донесени врз основа на таа уредба.

Член 33

Овој закон влегува во сила на 26 јули 1965 година.

ЦАРИНСКА ТАРИФА

1. Основни правила за примена на Царинската тарифа

Заради правилна примена на Царинската тарифа треба да се има предвид следното и треба да се придржува кон овие основни правила:

1) називите на одделите, главите и разделите дадени се во оваа тарифа само заради полесно снаоѓање. Класифицирањето на стоки се врши според наименувањата на стоките од тарифните броеви и според забелешките пропишани кон одделите и главите, како и според следните правила, доколку тие не се во спротивност со содржината на тарифните броеви и забелешките кон одделите и главите на тарифата;

2) секое наименување на материјал или материја во некој тарифен број од оваа тарифа се однесува на материјал односно материја во чиста состојба или измешана односно врзана со други ма-

теријали или материи. Исто така, секое упатување на стока од определен материјал или материја важи и за предмети изработени во целина или делумно од тој материјал односно материја. Стока произведена од два или повеќе видови материјали или материи ќе се класифицира според начелата од следната точка на овие правила;

3) секогаш кога стоката, од која и да било причина, би можела да се класифицира во два или повеќе тарифни броеви на оваа тарифа, класифицирањето ќе се изврши на следниот начин:

а) тарифниот број во кој е дадено најконкретно и најблиско наименување на стоката ќе им се претпостави на тарифните броеви во кои се дадени поопшти наименувања;

б) смесовите на производи и производите составени од различни материи или изработени од различни составни делови чие класифицирање не може да се изврши со примена на правилото под а) ќе се класифицираат според материјата односно составниот дел кој на таквите смесови и производи им дава суштествен карактер, ако е можно да се примени таков критериум во конкретниот случај;

в) ако стоката не може да се класифицира според правилата под а) или б), таа ќе се подведе под оној тарифен број кој предвидува највисока стопа на царината;

4) кога е во некоја забелешка кон оддел или глава пропишано дека определена стока не спаѓа во тој оддел односно глава и се упатува на други оддели или глави, односно на определени тарифни броеви, таквото исклучување и упатување се однесува, освен ако од самиот текст на забелешката не произлегува поинаку, на сета стока што спаѓа во тие оддели, глави или тарифни броеви, дури и ако набројувањето на такви производи во забелешката било непотполно;

5) стока што не спаѓа во ниеден од тарифните броеви на тарифата, се класифицира во тарифниот број предвиден за стока што на таа стока ѝ е најслична;

6) класифицирањето на стока во рамките на ист тарифен број се определува со нејзиното класифицирање во тарифниот став со согласна примена на горните правила што важат за тарифните броеви, а изразите од тарифните ставови треба да се толкуваат на ист начин како и изразите од тарифен број, ако спротивно не е изречно пропишано во оваа тарифа.

2. Царинска тарифа

ОДДЕЛ I — ЖИВИ ЖИВОТНИ И ПРОИЗВОДИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО

Глава 1 — Живи животни

Забелешки:

1) Оваа глава ги опфаќа сите живи животни, освен рибите, черупкарите, мекотелците и микробиолошките култури.

2. Сите објаснениј а во оваа глава за одделни родови или видови животни, освен ако од текстот не произлегува поинаку, се однесуваат и на младенчиња од тој род или вид.

Тарифен број	НАИМЕНУВАЊЕ НА СТОКА	Царинска стопа
1	2	3
01.01	Коњи, магарињa, маски и мулињa, живи:	
	1) Коњи:	
	а) за колење	Сл.
	б) за работа и јавање	Сл.
	в) за приплод	Сл.
	г) подмладок	Сл.
	д) други	Сл.
	2) Магарињa	Сл.
	3) Маски и мулињa	Сл.
01.02	Говеда, живи, вклучувајќи ги биволите:	
	1) Крави:	
	а) за приплод	Сл.
	б) други	3
	2) Бикови:	
	а) за приплод	Сл.
	б) други	3
	3) Волови	3
	4) Јуници:	
	а) за приплод	Сл.
	б) други	3
	5) Јунчињa:	
	а) за приплод	Сл.
	б) други	3
	6) Телињa:	
	а) за приплод	Сл.
	б) други	3
	7) Биволи	3
01.03	Свињи, живи:	
	1) За приплод	Сл.
	2) За колење:	
	а) месести	4
	б) масни	4
	в) за бекон	4
	3) Прасињa	Сл.
01.04	Овци и кози, живи:	
	1) Овци и овни:	
	а) за приплод	Сл.
	б) за колење	3
	в) јагнињa	Сл.
	2) Кози и јарци:	
	а) за приплод	5
	б) за колење	5
	в) јариња	5
01.05	Живина, жива:	
	1) Кокошки:	
	а) за приплод	Сл.
	б) подмладок	3
	в) други	3
	2) Мисирки:	
	а) за приплод	Сл.
	б) подмладок	3
	в) други	3
	3) Гуски:	
	а) за приплод	Сл.
	б) подмладок	3
	в) други	3
	4) Пајки:	
	а) за приплод	Сл.
	б) подмладок	3
	в) други	3
	5) Друго:	
	а) за приплод	Сл.
	б) подмладок	3
	в) друго	3
01.06	Други животни, живи:	
	1) Животни што главно се наменети за човечка исхрана:	
	а) пернат дивеч	3
	б) зајци и питоми зајци	3
	в) други животни	3
	2) Други (вклучувајќи ги животните од зоолошки градини, кучињата и мачките):	
	а) дивеч со фино крзно	Сл.
	б) приплоден и подмладок	Сл.
	в) друго	Сл.

1	2	3
	Глава 2 — Месо и други кланични производи за јадење	
	Забелешки:	
	Оваа глава не опфаќа:	
	1) производи од тар. број 02.01, 02.02, 02.03, 02.04 и 02.06, неподобни за човечка исхрана;	
	2) црева, бабулиња (меури) и желудници од животни (тар. бр. 05.04) и животинска крв од тар. број 05.15;	
	3) животинска маст, освен нетопена свинска маст и нетопена живинска маст (глава 15).	
02.01	Месо и кланични производи за јадење од животни и од тар. број 01.01 до 01.04 заклучно, свежи, разладени или смрзнати:	
	1) Месо говедско:	
	а) телешко — — — — — — —	7
	б) јунешко — — — — — — —	7
	в) биволско — — — — — — —	7
	г) друго — — — — — — —	7
	2) Месо овчо и козјо:	
	а) јагнешко и јарешко — — — —	7
	б) друго — — — — — — —	7
	3) Месо свинско:	
	а) прасешко — — — — — — —	8
	б) со масни делови — — — — —	8
	в) без масни делови — — — — —	8
	г) бекон — — — — — — —	8
	4) Месо од коњи, магариња, мулиња и маски:	
	а) од коњи — — — — — — —	6
	б) друго — — — — — — —	6
	5) Дробови — — — — — — —	6
	6) Друго — — — — — — —	6
02.02	Заклана живина и други кланични производи од живина за јадење (освен џигерот), свежи, разладени или смрзнати:	
	1) Кокошки заклани и месо од нив —	7
	2) Пилиња заклани и месо од нив — —	7
	3) Мисирки заклани и месо од нив — —	7
	4) Гуски заклани и месо од нив — —	7
	5) Пајки заклани и месо од нив — —	7
	6) Друго — — — — — — —	7
02.03	Џигер од живина, свеж, разладен, смрзнат, посолен или во саламура:	
	1) Џигер од гуски и пајки — — — —	7
	2) Друго — — — — — — —	7
02.04	Друго месо и други кланични производи за јадење, свежи, разладени или смрзнати:	
	1) Месо од пернат дивеч — — — —	6
	2) Месо од зајци и питоми зајци — —	6
	3) Друго — — — — — — —	6
02.05	Свинска сланина и сало, нетопени, ослободени од мршаво месо, и нетопено живинско сало, свежи, разладени, смрзнати, посолени, во саламура, сушени или чадени:	
	1) Сланина и свинско сало — — — —	8
	2) Живинско сало — — — — — —	8
02.06	Месо и кланични производи за јадење од сите видови (освен џигерот од живина), посолени, во саламура, сушени или чадени:	
	1) Сланина, шунка, и друго свинско месо:	
	а) сланина — — — — — — —	8
	б) шунка — — — — — — —	8
	в) бекон — — — — — — —	8
	г) друго — — — — — — —	8
	2) Друго месо:	
	а) говедско — — — — — — —	8
	б) телешко — — — — — — —	8
	в) овчо и козјо — — — — — —	8
	г) живинско — — — — — — —	8
	д) дробови — — — — — — —	8
	ѓ) друго — — — — — — —	8
	Глава 3 — Риби, черупкари и мекотелци	
	Забелешка:	
	Оваа глава не опфаќа:	
	1) морски цицачи (тар. бр. 01.06) или месо од нив (тар. бр. 02.04 или 02.06);	
	2) риби (вклучувајќи ги нивните џигери, икра и млечец), черупкари и мекотелци, мртви, неупотребливи и неподобни за човечка исхрана, поради нивен вид или состојба;	
	3) кавијар или замена на кавијар (тар. бр. 16.04).	
03.01	Риби, свежи (живи или мртви), разладени или смрзнати:	
	1) Слатководни риби:	
	а) пастрмки — — — — — — —	Сл.
	б) јагули — — — — — — —	Сл.
	в) крап — — — — — — —	Сл.
	г) друго — — — — — — —	Сл.
	2) Морски риби:	
	а) сардели — — — — — — —	Сл.
	б) тунини — — — — — — —	Сл.
	в) бакалар — — — — — — —	Сл.
	г) харинги — — — — — — —	Сл.
	д) друго — — — — — — —	Сл.
	3) Рибен џигер и икра:	
	а) од слатководни риби — — — —	Сл.
	б) од морски риби — — — — —	Сл.
03.02	Риби, солени, во саламура, сушени или чадени:	
	1) Слатководни риби — — — — —	6
	2) Морски риби:	
	а) сардели — — — — — — —	6
	б) тунини — — — — — — —	6
	в) бакалар — — — — — — —	6
	г) харинги — — — — — — —	6
	д) друго — — — — — — —	6
	3) Рибен џигер и икра:	
	а) од слатководни риби — — —	6
	б) од морски риби — — — — —	6
	4) Друго — — — — — — — —	6
03.03	Черупкари и мекотелци, во черупки или не, свежи (живи или мртви), разладени, смрзнати, солени, во саламура или сушени; черупкари со черупка, само варени во вода:	
	1) Остриги — — — — — — — —	Сл.
	2) Јастози — — — — — — — —	Сл.
	3) Ракови — — — — — — — —	Сл.
	4) Школки — — — — — — — —	Сл.
	5) Жаби од сите видови — — — —	Сл.
	6) Друго — — — — — — — —	Сл.
	Глава 4 — Млеко и млечни производи, јајца од птици и природен мед	
	Забелешки:	
	1. Изразот „млеко" означува полномасно млеко или обрано млеко, млатено млеко, сиратка, кефир, јогурт и слично ферментирано млеко.	
	2. Млеко и кајмак во херметички затворени садови се сметаат како конзервирани во смисла на тар. бр. 04.02. Меѓутоа, млекото и кајмакот не се сметаат конзервирани ако се пастеризирани, стерилизирани или пептонизирани и ако не се ставени во херметички затворени садови.	

1	2	3
04.01	Млеко и кајмак, свежи, неконцентрирани или незаблажени:	
	1) Млеко	Сл.
	2) Кајмак	Сл.
	3) Друго	Сл.
04.02	Млеко и кајмак, конзервирани, концентрирани или заблажени:	
	1) во течна или полуцврста (житка) состојба	6
	2) Во цврста состојба (во блокови, прав итн.)	6
04.03	Путер:	
	1) Свеж	10
	2) Топен	10
04.04	Сирење и урда:	
	1) Сирења:	
	а) качкавал	10
	б) трапист	10
	в) ементалер	10
	г) други тврди и фини	10
	д) топени	10
	ѓ) други	10
	2) Урда	10
04.05	Јајца од птици и жолчки од јајца свежи, сушени или на друг начин конзервирани, зашеќерени или не:	
	1) Јајца во лушпа:	
	а) кокошкини свежи	3
	б) кокошкини конзервирани	3
	в) приплодни	Сл.
	г) други	3
	2) Јајца без лушпа:	
	а) во прав	6
	б) смрзнати	6
	в) други	6
04.06	Мед природен:	
	1) Цеден	6
	2) Во саќе	6

Глава 5 — Други производи од животинско потекло, неспоменати ниту опфатени на друго место

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) производи за јадење (освен цревата, бабулињата и желудниците), од животни, цели или во парчиња и течна и течна или исушена животинска крв;

2) сурова кожа, со влакна или без (вклучувајќи ги и крзната), освен стоките што спаѓаат во тар. бр. 05.05, 05.06 и 05.07 (глави 41 и 43);

3) текстилен материјал од животинско потекло, освен коњските влакна и отпадоците од коњски влакна (оддел XI);

4) подготвени јазли или реси за изработка на метли или четки (тар. бр. 96.03).

2. За примена на тар. бр. 05.01, сурова коса што е сортирана по должина (ако краиштата на коренѣата и врвовите на влакната не се меѓусебно сложени на соодветен начин, нема да се смета како преработена.

3. Во сите оддели на оваа тарифа заби и кљови од слон, мамут, мастодон, морски коњ, нарвал или див вепар, како и рогови од носорог, се сметаат како слонова коска.

4. Во оваа тарифа изразот „коњски влакна" означува влакна од грива и опашка на копитари и говеда.

1	2	3
05.01	Човечка коса, сурова, испрана или не и одмастена; отпадоци од човечка коса:	
	1) Коса	6
	2) Отпадоци од коса	6
05.02	Четин од питома или дива свиња; влакна од јазовец и други влакна за изработка на четки; отпадоци од четин и влакна:	
	1) Четин	6
	2) Влакна	6
	3) Отпадоци од четин и влакна	6
05.03	Коњски влакна од грива и опашка и отпадоци од такви влакна, со или без подлога или помеѓу две подлоги од друг материјал:	
	1) Влакна	6
	2) Отпадоци од влакна	6
05.04	Црева, бабулиња и желудници од животни (освен од риби), цели или во парчиња:	
	1) Црева:	
	а) сурови и солени	5
	б) сушени	8
	2) Друго:	
	а) сурови и солени	5
	б) сушено	8
05.05	Отпадоци од риби	Сл.
05.06	Живци и жили, струганки и слични отпадоци од сурови кожи	Сл.
05.07	Кожи и други делови од птици, со нивниот пердув или мек пердув, пердув и делови од пердув (со рабови потсечени или не) и мек пердув, понатаму необработуван, освен чистен, дезинфициран или приготвен за конзервирање; прав и отпадоци од пердув или од делови од пердув:	
	1) Пердув и мек пердув:	
	а) неочистен	3
	б) очистен	5
	2) Друго	5
05.08	Коски и срцевина од рогови, сурови, одмастени, просто преработени (но не исечени во форми), ставани во киселина или дежелатинизирани; прав и отпадоци од овие производи	Сл.
05.09	Рогови, еленски рогови, копита, нокти, канци и клунови од животни, сурови или просто приготвени но не исечени во форми, и отпадоци и прав од овие производи; коцки од кит и слични животни, сурови или просто приготвени но не исечени во форми, и отпадоци од овие производи	Сл.
05.10	Слонова коска, сурова или просто приготвена, но не и исечена во форми; прав и отпадоци од слонова коска	10
05.11	Желковина (корупка и листови), сурова или просто приготвена, но не исечена во форми; канци и отпадоци од желковина	10
05.12	Корали и слични материи, сурови или просто приготвени, но необработени; корупки од мекотелци, сурови или просто приготвени, но не исечени во форми; прав и отпадоци од черупки на мекотелци	10
05.13	Сунѓери, природни	10

1	2	3
05.14	Сива амбра, кастореум, цибет и мошус; кантариди; жолчки, сушени или не; животински производи, свежи, разладени или смрзнати, или на друг начин привремено конзервирани, што се употребуваат за изработка на фармацеутски производи	10
05.15	Производи од животинско потекло, неспоменати ниту опфатени на друго место; мртви животни од главите 1 и 3, неподобни за човечка исхрана:	
	1) Јајца од свилена буба — — — —	Сл.
	2) Крв од животни — — — — — —	Сл.
	3) друго — — — — — — — —	Сл.

ОДДЕЛ II — ПРОИЗВОДИ ОД РАСТИТЕЛНО ПОТЕКЛО

Глава 6 — Живи дрвја и други растенија; главици, грутчести корења и сл.; исечено цвеќе и украсно лисје

Забелешки:

1. Оваа глава опфаќа само живи дрвја и стоки (вклучувајќи ги растителните садници), што обично се набавуваат кај градинари или цвеќари за расадување или за украсување; овде не спаѓаат компири, лукови, лук влашец и бел лук (глава 7).

2. Тар. бр. 06.03 и 06.04 опфаќаат и букети, кошници со цвеќе, венци и слични предмети изработени во целина или делумно од стоки од тој вид, не опфаќајќи прибор од други материјали.

06.01	Главици, грутки, грутчести корења, корења и ризоми, за расад или во цвет:	
	1) За расад — — — — — — — —	3
	2) Друго — — — — — — — — —	3
06.02	Други живи растенија, вклучувајќи ги и дрвјата, грмушки, корења, резници и калеми:	
	1) Резници:	
	а) овошни — — — — — — —	Сл.
	б) лозови — — — — — — —	Сл.
	в) хмелни — — — — — — —	Сл.
	д) други — — — — — — — —	Сл.
	2) Садници:	
	а) овошни — — — — — — —	5
	б) лозови — — — — — — —	5
	в) од шумски дрвја — — — — —	5
	г) други — — — — — — — —	5
	3) Друго — — — — — — — —	5
06.03	Цвеќе и пупки од цвеќе, сечени, за букети или за украсни цели, свежи, сушени, бојосани, белени, импрегнирани или на друг начин приготвени:	
	1) Свежо — — — — — — — —	5
	2) Исушено — — — — — — — —	5
	3) Друго — — — — — — — —	5
06.04	Лисје, гранки и други делови (освен цвеќето и пупките) од дрвја, шубрак, грмушки и други растенија, и мов, лишаи и треви, што се употребуваат за букети и украсување, свежи, сушени, бојосани, белени, импрегнирани или на друг начин приготвени:	
	1) Свежо — — — — — — — —	5
	2) Сушено — — — — — — — —	5
	3) Друго — — — — — — — —	5

Глава 7 — Зеленчук, корења и грутки, за јадење

Забелешки:

Во тар. број 07.01 зборот „зеленчук" опфаќа јестиви печурки, трифли, маслинки, капар, домати, компир, цвекло, краставици, ситни краставици, тикви, модар патлиџан, слатки пиперки, коморач, магданос, красуљица, таркаљ, грбач-громица, мајоран, рен и лук. Во тар. бр. 07.02, 07.03 и 07.04 зборот „зеленчук" ги опфаќа сите производи што во свежа состојба се класифицирани во тар. бр. 07.01. Меѓутоа, исушено мешунесто растение, излупено, ќе се класифицира во тар. бр. 07.05, мелена слатка пиперка во тар. бр. 09.04, брашно од сушено мешунесто растение од тар. бр. 07.05 — во тар. бр. 11.03, а брашно, гриз и снежинки од компир — во тар. бр. 11.05.

07.01	Зеленчук, свеж или разладен:	
	1) Компир — — — — — — — —	3
	2) Домати — — — — — — — —	3
	3) Друго:	
	а) маслински за понатамошна преработка — — — — — — —	3
	б) капар за понатамошна преработка	3
	в) лук и кромид — — — — — —	3
	г) печурки — — — — — — —	3
	д) друго — — — — — — —	3
07.02	Зеленчук (барен или не), смрзнат — —	5
07.03	Зеленчук привремено конзервиран во саламура, во сулфурирана вода или во други раствори за конзервирање, но кој не е специјално приготвен за непосредна потрошувачка:	
	1) Маслинки — — — — — — —	5
	2) Капар — — — — — — — —	5
	3) Друго — — — — — — — —	5
07.04	Зеленчук, сув, дехидриран или евапориран, цел, сечен во парчиња или резанки, кршен или во прав, но понатаму неприготвен:	
	1) Домати — — — — — — — —	5
	2) Маслинки — — — — — — —	5
	3) Капар — — — — — — — —	5
	4) Печурки — — — — — — — —	5
	5) Друго — — — — — — — —	5
07.05	Мешунест зеленчук во зрно, сув, излупен или не, кршен или не:	
	1) Грав — — — — — — — —	5
	2) Грашок — — — — — — — —	5
	3) Друго — — — — — — — —	5
07.06	Маниока, арорут, салеп, топинамбур, сладок компир и други слични корења и грутки со висока содржина на скроб или на инулин, свежи или сушени, цели или режани во резанки; срцевина од саго-дрво — — — — — — — —	3

Глава 8 — Овошје за јадење; кори од дињи и агруми

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа овошје што не е за јадење.

2. Зборот „свежо" се однесува и на стоки што се разладени.

08.01	Урми, банани, кокосов орев, бразилски орев, акажу-орев, ананас, авока, манго, гуава и мангуста, свежи или суви, излупени или не:	
	1) Банани свежи — — — — — —	Сл.
	2) Кокосов орев, бразилски орев, акажу-орев, свежи или сушени — — —	5
	3) Друго свежо овошје:	
	а) ананас — — — — — — — —	5
	б) друго — — — — — — — —	5
	4) Друго сушено овошје:	
	а) урми — — — — — — — —	5
	б) друго — — — — — — — —	5

1	2	3
08.02	Аргуми, свежи или суви:	
	1) Портокали, мандарини и клементини	5
	2) Други:	
	а) лимони	5
	б) грејп фрут	5
	в) други	5
08.03	Смокви, свежи или суви:	
	1) Свежи	5
	2) Суви	5
08.04	Грозје, свежо или суво:	
	1) Свежо	8
	2) Суво	7
08.05	Овошје во лушпа, освен овошјето од тар. бр. 08.01, свежо или суво, излупено или не:	
	1) Бадеми	5
	2) Ореви	5
	3) Лешници	5
	4) Костени	5
	5) Друго	5
08.06	Јаболка, круши и дуњи, свежи:	
	1) Јаболка	3
	2) Круши и дуњи	3
08.07	Овошје со костилка, свежо:	
	1) Сливи	3
	2) Цреши и вишни	3
	3) Вишна мараска	3
	4) Кајсии	3
	5) Праски	3
	6) Друго	3
08.08	Бобичесто овошје, свежо:	
	1) Јаготкн	3
	2) Малини	3
	3) Капинки	3
	4) Друго	3
08.09	Друго овошје свежо	3
08.10	Овошје (варено или не), конзервирано со смрзнување, без додаден шеќер:	
	1) Варено	6
	2) Неварено:	
	а) агруми	5
	б) банани	5
	в) ананас	5
	г) кокосов орев	5
	д) кајсии и праски	5
	ѓ) друго	5
08.11	Овошје привремено конзервирано (со сулфурдиоксид, во саламура, во сулфурирана вода, или во други раствори за конзервирање), но неподобно за непосредна потрошувачка во таква состојба:	
	1) Сливи	5
	2) Јаболка	5
	3) Кајсии	5
	4) Агруми	5
	5) Ананас	5
	6) Кокосов орев	5
	7) Друго	5
08.12	Овошје сушено, освен овошјето од тар. бр. 08.01, 08.02, 08.03, 08.04, 08.05:	
	1) Сливи	6
	2) Јаболка	5
	3) Круши	5
	4) Кајсии	5
	5) Праски	5
	6) Боровници	5
	7) Шипинки	5
	8) Друго	5
08.13	Кори од дињи и агруми, свежи, смрзнати сушени или привремено конзервирани во саламура, во сулфурирана вода или во други раствори за конзервирање	Сл.

Глава 9 — Кафе, чај, мате-чај и зачини

Забелешки:

1. Мешаници на производи од тар. бр. 09.04 до 09.10 се класифицираат на следниот начин:

1) мешаници на два или повеќе производи што спаѓаат во ист тарифен број се класифицираат во тој тарифен број;

2) мешаници на два или повеќе производи што спаѓаат во разни тарифни броеви се класифицираат во тар. бр. 09.10.

Додавање други материјали на мешаници наведени во ставот 1 под 1 и 2 на оваа забелешка нема да влијае врз нивното класифицирање под услов суштествениот карактер на мешаницата да останува непроменет. Инаку, мешаниците не се класифицираат во оваа глава; оние што сочинуваат готови комбинирани зачински средства се класифицираат во тар. бр. 21.04.

2. Оваа глава не опфаќа:

1) слакта пиперка (Capsicum grossum), немелена (глава 7);

2) црн пипер од видовите Cubeba officinalis Miquel или Piper cubeba (тар. бр. 12.07).

1	2	3
09.01	Кафе, пржено или не, или декофеинизирано; лушпи и опни од кафе; замени на кафе што содржат кафе во кој и да е процент:	
	1) Кафе и замена на кафе што содржи кафе:	
	а) кафе сурово во зрно	Сл.
	б) кафе пржено или мелено	Сл.
	в) замена на кафе што содржи кафе во кој и да било процент	10
	2) Лушпи и опни од кафе	Сл.
09.02	Чај	Сл.
09.03	Мате-чај	Сл.
09.04	Црн пипер; пименти од видовите Capsicum или Pimenta:	
	1) Црн пипер	5
	2) Пименти (Capsicum и Pimenta)	5
	3) Пиперка мелена	7
09.05	Ванила	5
09.06	Дарчин и цвет од дарчиново дрво	5
09.07	Каранфиле (цел плод, пупка, дршка и стебленки)	5
09.08	Мушкатен орев, мацис и кардамом	5
09.09	Семе од анис, бадијан, коморач, коријандер, ким (кумин) и вења:	
	1) Анис, коморач и коријандер	5
	2) Ким (кумин)	5
	3) Вења	5
	4) Бадијан	5
09.10	Мајкина душичка, шафран, лорбер, во лист; други зачини:	
	1) Мајкина душичка	5
	2) Лорбер	5
	3) Шафран	5
	4) Друго	5

Глава 10 — Жита

Забелешка:

Тар. броеви од оваа глава, освен тар. број. 10.06, не опфаќаат зрневје што е мелено, со симната лушпа или обвивка или на друг начин обработено. Тар. бр. 10.06. опфаќа необработен ориз, како и ориз излупен, глазиран, полиран или кршен, но не и на друг начин обработен

1	2	3
10.01	Пченица и наполица:	
	1) Пченица:	
	а) семенска	Сл.
	б) друга	Сл.
	2) Наполица	Сл.
10.02	'Рж	Сл.
10.03	Јачмен:	
	1) Пиварски	Сл.
	2) Семенски	Сл.
	3) За исхрана на добиток	Сл.
	4) Друг	Сл.
10.04	Овес	Сл.
10.05	Пченка:	
	1) Хибридна за семе	Сл.
	2) За исхрана на добиток	Сл.
	3) За индустриска преработка	Сл.
	4) Друго	Сл.
10.06	Ориз.	
	1) Во лушпа или излупен но понатаму неприготвен:	
	а) во лушпа	Сл.
	б) излупен	Сл.
	2) Друго:	
	а) глазиран или полиран	3
	б) друго	3
10.07	Елда, просо, канаринско семе (за птици) и сорго во зрно; други жита:	
	1) Елда	Сл.
	2) Просо	Сл.
	3) Друго	Сл.

Глава 11 — Производи на мелничката индустрија; слад и скробови; глутеп инулин

Забелешка:

Оваа глава не опфаќа:

1) пржен слад приготвен како замена на кафе (тар. бр. 09 01 или 21.01);

2) брашно препарирано (на пример: со термичка постапка) за исхрана на деца или за диететска употреба (тар. бр. 19.02); брашно што е термички обработено само заради подобрување на неговите својства за печење, се класифицира во оваа глава;

3) лушпички од жита и други плодови од тар. бр. 19.05;

4) фармацеутски производи (глава 30);

5) скробови што имаат карактер на парфимериски, козметички или тоалетни препарати, што спаѓаат во тар. бр. 33 06.

1	2	3
11.01	Брашно од жита:	
	1) Од пченица или наполица	3
	2) Друго:	
	а) од 'рж	3
	б) од пченка	3
	в) друго	3
11.02	Прекрупи и гриз од жита; зрна од жита обработени на друг начин (на пример: валани, во лушпички, полирани, перлирани или гмечени, но понатаму неприготвени), освен оризот излупен, глазиран, полиран или кршен; никулци од жита цели, валани, во лушпички или мелени:	
	1) Прекрупа и гриз од пченица или од наполица:	
	а) прекрупа	3
	б) гриз:	3
	2) Прекрупа и гриз (освен од пченица или наполица):	
	а) прекрупа	3
	б) гриз:	
	— од пченка	3
	— друг	3
	3) Зрна од жита излупени, полирани, кршени, гмечени (вклучувајќи и снежинки), никулци од жита мелени или не:	
	а) зрна од жита излупени	3
	б) снежинки	3
	в) друго	3
11.03	Брашно од мешунест зеленчук од тар. бр. 07.05	3
11.04	Брашно од овошје од кој и да е тар. бр. од главата 8:	
	1) Од кокосов орев	3
	2) Друго	3
11.05	Брашно, гриз и лушпички од компир	3
11.06	Брашно и гриз од саго, маниока, арорут, салеп и други корења и грутки од тар. бр. 07.06	3
11.07	Слад, пржен или не:	
	1) Пржен	3
	2) Друг	3
11.08	Скробови; инулин:	
	1) Скробови:	
	а) од пченица	7
	б) од пченка	7
	в) од ориз	7
	г) од компир	7
	д) други	7
	2) Инулин	7
11.09	Лепило — глутен и брашно од глутен, пржен или не	10

Глава 12 — Маслодајни семиња и плодови; разно зрневје, семиња и плодови; индустриски и медицински растенија; слама и храна за добиток

Забелешки:

1. Тар. бр. 12.01 опфаќа, помеѓу другото, кикирики, соја, семе од синап, семе од афион и копра. Овој тар. број не опфаќа кокосов орев (тар. бр. 08.01) и маслинки (глава 7 или глава 20).

2. Сообразно со следниот став од оваа забелешка, тар. бр. 12.03 опфаќа, помоѓу другото, и семе од шеќерна репка, семе од трева и други растителни семиња, семе од украсно цвеќе, семе од зеленчук, семе од шумски дрвја, семе од плодоносни дрвја, семе од граорица и волчи боб.

Тар. бр. 12.03 не опфаќа стоки од тар. бр. 07.05 (сушен мешунест зеленчук), од кој и да е тар. број на главата 9 (која, помеѓу другото, се однесува и на зачини), од кој и да е тарифен број на главата 10 (која се однесува на жита), од тар. бр. 12.01 или 12.07.

3. Тар. бр. 12.07 опфаќа, помеѓу другото, и следните растенија и нивните делови: босилек, борич, изоп, сите видови ментолки — нана, рузмарин, рутвица, жалфија и пелен. Меѓутоа, тар. бр. 12.07 не опфаќа:

1) маслодајни семиња и маслодајни плодови (тар. бр. 12.01);

2) медикаменти од главата 30;

3) парфимериски и тоалетни препарати од главата 33;

4) дезинфектанти, инсектициди, фунгициди, уништувачи на плевели и слични производи од тар. бр. 38.11.

1	2	3
12.01	Маслодајни семиња и плодови, цели или кршени:	
	1) Кикирики (арашид) — — — — —	Сл.
	2) Копра — — — — — — — —	Сл.
	3) Палмини ореви и јатки — — — —	Сл.
	4) Соја — — — — — — — — —	Сл.
	5) Ленено семе — — — — — — —	Сл.
	6) Памуково семе — — — — — —	Сл.
	7) Рицинисово семе — — — — — —	Сл.
	8) Друго:	
	а) сончоглед — — — — — — —	Сл.
	б) маслодајна репка — — — — —	Сл.
	в) сусам — — — — — — — —	Сл.
	г) друго — — — — — — — —	Сл.
12.02	Брашно или гриз од маслодајни семиња или маслодајни плодови, што не е ослободено од масло (освен брашното од синап) — — — — — — — — — —	5
12.03	Семиња, плодови и спори за сеидба:	
	1) Од овошје — — — — — — — —	Сл.
	2) Од зеленчук — — — — — — —	Сл.
	3) Од цвеќиња — — — — — — —	Сл.
	4) Од шеќерна репка — — — — —	Сл.
	5) Од крмни растенија — — — — —	Сл.
	6) Од шумски дрвја:	
	а) ела и смрека — — — — — —	Сл.
	б) други видови иглолисници — —	Сл.
	в) други шумски дрвја — — — —	Сл.
	7) Друго — — — — — — — —	Сл.
12.04	Шеќерна репка, цела или во режанки, свежа, сушена или во прав, шеќерна трска:	
	1) Шеќерна репка — — — — — —	Сл.
	2) Шеќерна трска — — — — — —	Сл.
12.05	Корен од цикорија, свеж или сушен, цел или сечен, непржен:	
	1) Свеж — — — — — — — — —	Сл.
	2) Сушен — — — — — — — —	Сл.
12.06	Хмел и брашно од хмел (лупулин) — —	5
12.07	Растенија и делови (вклучувајќи ги и семињата и плодовите) од дрвја, грмушки или други растенија, што главно се употребуваат во парфимеријата, медицината или за производство на средства за уништување инсекти, за заштита на растенија или слични цели, свежи или сушени, цели, сечени, кршени, мелени или во прав:	
	1) Бухач — — — — — — — —	3
	2) Вртипоп — — — — — — — —	3
	3) Жалфија — — — — — — — —	3
	4) Цвет од липа — — — — — — —	3
	5) Дабов лишај — — — — — — —	3
	6) Друго лековито растение — — —	3
	7) Чушки од афион — — — — — —	3
	8) Друго — — — — — — — —	3
12.08	Рокчиња свежи или сушени, гмечени или не или мелени, но понатаму неприготвени; костилки од овошје и други растителни производи што главно се употребуваат за човечка исхрана, што не спаѓат во ниеден друг тарифен број:	
	1) Рокчиња — — — — — — — —	3
	2) Друго — — — — — — — —	3
12.09	Слама и плева од жита, сурови или издробени но на друг начин неприготвени	Сл.
12.10	Сточна репка, бела репка, корење за сточна храна; сено, луцерка, граорица, детелина, сточна зелка, волчи боб и слични производи за исхрана на добиток:	
	1) Сточна репка — — — — — —	Сл.
	2) Сено — — — — — — — —	Сл.
	3) Друго — — — — — — — —	Сл.

Глава 13 — Сурови растителни материи за бојосување и штавење; гуми, смоли и други растителни сокови и екстракти

Забелешка:

Тар. бр. 13.03 опфаќа, помеѓу другото, екстракти и сокови од слатки корења, од вртипоп, од хмел, од алој и афион.

Овој тар. бр. не опфаќа:

1) екстракт од слатки корења кој содржи повеќе од 10% по тежина шеќер или кога е приготвен во вид на слатки (тар. бр. 17 04);

2) екстракт од слад (тар. бр. 19.01);

3) екстракт од кафе, чај или мате-чај (тар. бр. 21.02);

4) сокови и екстракти со додаток на алкохол за приготвување пијачки и алкохолни препарати (познати како „концентрирани екстрати") од растителни сокови за изработка на пијачки (глава 22);

5) камфор (тар. бр. 29.13) и глицерин (тар. бр. 29.14);

6) медикаменти што спаѓаат во тар. бр. 30.03;

7) екстракт за штавење и бојосување (тар. бр. 32.01 или 32.04);

8) етерични масла и резиноиди (тар. бр. 33.01) или дестилати на миризливи води и водени раствори од етерични масла (тар. бр. 33.05);

2. Тар. бр. 91.07 и 91.08 не опфаќаат механизми што работат врз базата на федери или тегови и што не се пригодени ниту приспособени да бидат годни за качувалки за часовници (тар. бр. 84.08).

3. Оваа глава не опфаќа делови за општа употреба како што е дефинирано во забелешката 2 кон одделот XV, од прости метали (одделот XV), ниту слични стоки од вештачки пластични материи (кои се распоредуваат во тар. бр. 39.07). Оваа глава исто така исклучува тегови, стакла за сатови и часовници, синџири или ременчиња за часовници, делови за електрична опрема, топчести лагери, федери за часовници и сатови се распоредуваат како деловите за часовници и сатови (тар. бр. 91.11).

4. Освен како што е предвидено во забелешките 2 и 3 од оваа глава, механизмите и други делови годни за истовремена употреба во часовници или сатови и во други предмети (на пример, во прецизни инструменти) спаѓаат во оваа глава а не во некоја друга глава.

5. Сандаците, кутиите и слични обвивки увезени со предметите од оваа глава се распоредуваат со таквите предмети ако се од оние видови што обично се продаваат со нив. Сандаците, кутиите и слични обвивки увезени посебно, се распоредуваат според нивните соодветни тарифни броеви.

1	2	3
91.01	Џебни часовници, рачни часовници и други часовници, вклучувајќи и штоперици: 1) Штоперици — — — — — — — — 2) Рачни: а) од благородни метали — — — — б) други — — — — — — — — 3) Џебни: а) од благородни метали — — — б) други — — — — — — — — 4) Други — — — — — — — —	 20 39 26 39 26 39
91.02	Ѕидни часовници и будилници со часовнички механизам (освен часовниците од тар. бр. 91.03): 1) Ѕидни — — — — — — — — 2) Будилници — — — — — — — —	 33 33
91.03	Часовници за инструментални кабли и часовници од сличен тип, за друмски возила, за воздухопловни или пловила	33
91.04	Други часовници — — — — — —	33
91.05	Апарати за регистрирање на времето; апарати са часовнички или сатен механизам (вклучувајќи и секундарен механизам) или со синхрон мотор, за мерење, регистрирање или на друг начин покажување на време — — — — — —	33
91.06	Временски прекинувачи со часовнички или сатен механизам (вклучувајќи и секундарен механизам) или со синхрон мотор — — — — — — — — — —	20
91.07	Механизми за џебни и рачни часовници (вклучувајќи и штоперици), склопени: 1) За штоперици — — — — — —— 2) Друго — — — — — — — —	 20 20
91.08	Механизми за други часовници, склопени: 1) За ѕидни часовници — — — — — 2) За будилници — — — — — — 3) Друго — — — — — — — — —	 33 33 33
91.09	Кутии за часовници од тар. бр. 91.01 и нивни делови, вклучувајќи и полупроизводи за нив (бланкс): 1) Од благородни метали — — — — 2) Друго — — — — — — — — —	 39 26
91.10	Кутии за други часовници и кутии од сличен вид за други производи од оваа глава и нивни делови: 1) За ѕидни часовници — — — — — 2) За будилници — — — — — — — 3) Друго — — — — — — — —	 33 33 33
91.11	Други делови за часовници — — —	33

Глава 92 — Музички инструменти; апарати за снимање и репродукција на звук; телевизиски апарати за снимање и репродукција на слика и звук, магнетски; делови и прибор за овие предмети

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) филмови сосема или делумно осетливи на светлина за фотографски или фотоелектрични снимања или такви филмови експонирани, развиени или не (главата 37);

2) делови за општа употреба, како што е дефинирано во забелешката 2 кон одделот XV, од прости метали (одделот XV), или слични предмети од вештачки пластични материи (кои се распоредуваат во тар. бр. 39.07);

3) микрофони, разгласници, гласноговорници, слушалки, прекинувачи, стробоскопи и други инструменти, апарати и опрема што им припаѓаат на нив, од главите 85 и 90, што се употребуваат со предметите од оваа глава, но не се вградени во нив, ниту се ставени во исто долапче; апарати за регистрирање или репродукција на звук комбинувани со радио-приемници (тар. бр. 85.15);

4) четки (за чистење музички инструменти), од тар. бр. 96.02;

5) инструменти — детски играчки (тар. бр. 97.03);

6) инструменти што имаат карактер на колекција или старина (тар. бр. 99.05 или 99.06).

2. За примена на оваа глава некомплетен или недовршен инструмент или апарат се распоредува како соодветен комплетен или довршен предмет, под услов да има битни обележја на таков комплетен или довршен предмет.

3. Лаковите и палките и слични направи од тар. бр. 92.02 и 92.06 увезени со такви инструменти, во нормален број со нив и очевидно наменети за употреба со нив, се распоредуваат во истиот тарифен број во кој и односните инструменти.

Перфорирани музички ролни (тар. бр. 92.10), грамофонски плочи и слично (тар. бр. 92.12), увезени заедно со инструментот, се третираат како посебни предмети и не сочинуваат дел од таков инструмент.

4. Сандаците, кутиите и слични обвивки, увезени со предметите од оваа глава, се распоредуваат со такви предмети, ако се од тие видови што обично се продаваат со нив. Сандаците, кутиите и слични обвивки увезени одвоено, се распоредуваат според нивните соодветни тарифни броеви.

1	2	3
92.01	Клавири (вклучувајќи ги и автоматските клавири, со или без клавијатура); клавсени и други клавијатурски инструменти со жици; харфи, освен еолските харфи:	
	1) Клавири и пијанина, од сите видови	26
	2) Друго — — — — — — — — —	26
92.02	Други музички инструменти со жици:	
	1) Виолини, виоли, чела и контрабаси —	26
	2) Други инструменти, од дрво — — —	26
	3) Други — — — — — — — —	26
92.03	Оргули, вклучувајќи и хармониумите и други слични инструменти — — — —	26
92.04	Хармоники, концертни хармоники и слични музички инструменти; усни хармоники:	
	1) Усни хармоники — — — — — —	33
	2) Други хармоники (клавирски и други):	
	а) до 96 басови — — — — — —	33
	б) други — — — — — — — —	33
	3) Друго — — — — — — — — —	33
92.05	Други дувачки музички инструменти:	
	1) Метални — — — — — — — —	26
	2) Други — — — — — — — — —	26
92.06	Удирачки музички инструменти (на пример, барабани, тапани, ксилофони, цимбала, кастањети) — — — — — —	26
92.07	Електромагнетски, електростатички, електронски и слични музички инструменти (на пример, оргули, клавири, хармоники)	26
92.08	Музички инструменти што не спаѓаат во некој тарифен број од оваа глава (на пример, панаѓурски оргули, механички улични оргули, музички кутии, музички пили); механички птици — пеачки; предмети за мамење и довикување од сите видови; тесни дувачки сигнални инструменти (на пример, пишталки и бродски труби за довикување) — — — — —	26
92.09	Жици за музички инструменти — — —	26
92.10	Делови и прибор за музички инструменти (освен жица), вклучувајќи и перфорирани музички ролни и механизми за музички кутии; метрономи, тонски вилушки и цевки за усогласување тонови од сите видови — — — — — — — —	26
92.11	Грамофони, диктафони и други апарати за снимање и репродукција на звук, вклучувајќи и направи за свртување плочи и ленти, со или без звучни глави; телевизиски апарати за снимање и репродукција на слика и звук, магнетски:	
	1) Грамофони — — — — — — —	33
	2) Магнетофони — — — — — — —	33
	3) Повеќеканални магнетофони, за потребите на сообраќајот — — — — —	20
	4) Диктафони — — — — — — —	26
	5) Друго — — — — — — — — —	33
92.12	Грамофонски плочи и други регистратори на звук или слични; матрици за производство на грамофонски плочи, приготвени отпреси (бланкс) за грамофонски плочи, филмови за механичко снимање звук. приготвени ленти, жици, ремења и слични предмети што се употребуваат за звучни или слични снимања:	
	1) Грамофонски плочи:	
	а) за учење јазици и други говорни плочи без музика — — — —	Сл.
	б) други — — — — — — — —	33
	2) Магнетофонски ленти и сл. — — —	33
	3) Друго — — — — — — — —	33
92.13	Други прибори и делови на апарати од тар. бр. 92.11:	
	1) Игли за грамофони — — — — —	26
	2) Друго — — — — — — — — —	26

ОДДЕЛ XIX — ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА; НИВНИ ДЕЛОВИ

Глава 93 — Оружје и муниција; и нивни делови

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) стоки од главата 36 (на пример: удирни каписи, детонатори, сигнални куршуми);

2) делови за општа употреба, како што е дефинирано во забелешката 2 кон одделот XV, од прости метали (одделот XV), или слични предмети од вештачки пластични материи (што се распоредуваат во тар. бр. 39.07;

3) наоружени борбени возила (тар. бр. 87.08);

4) телескопски нишански справи и други оптички направи годни за употреба со оружје, освен кога се монтирани на оружје или се увезени со оружјето за кое се наменети да бидат монтирани (главата 90);

5) лакови, стрели, мечеви за мечување или детски играчки од главата 97).

2. За примена на оваа глава некомплетни или недовршени оружја се распоредуваат како соодветни комплетни или довршени предмети, ако имаат битни обележја на такви комплетни или довршени предмети.

3. Во тар. бр. 93.07 повикувањето на „делови" не опфаќа радио и радарски апарати од тар. бр. 85.15.

4. Сандаци, кутии и слични обвивки увезени со предметите од оваа глава се распоредуваат со таквите предмети, ако се од оние видови што обично се продаваат со нив. Сандаци, кутии и слични обвивки увезени посебно, се распоредуваат според нивните соодветни тарифни броеви.

1	2	3
93.01	Ладно оружје (на пример: ножеви, сабји и бајонети) и нивни делови; кании и ножници за ладно оружје — — — —	Сл.
93.02	Револвери и пиштоли, огнени — — —	30
93.03	Артилериско оружје, автоматски пушки, полуавтоматски пушки и друго воено огнено оружје и фрлачи (освен револвери и пиштоли) — — — — — — — —	Сл.
93.04	Друго огнено оружје, вклучувајќи и сигнални пиштоли, пиштоли и револвери за испалување само маневарска муниција, пушки за исфрлање харпуни и слично:	
	1) Пушки:	
	а) ловечки — — — — — — —	30
	б) други — — — — — — —	30
	2) Старт-пиштоли — — — — —	15
	3) Друго — — — — — — — —	30
93.05	Друго оружје, вклучувајќи ги и воздушните, федерните и слични пиштоли, карабини и пушки:	
	1) Пушки за подводен риболов — — —	30
	2) Друго — — — — — — — —	30
93.06	Делови од оружје, вклучувајќи ги и грубо иструганите блокови за кундаци и откивките за пушчени цевки, но не вклучувајќи делови за ладно оружје — —	30
93.07	Бомби, гранати, торпеда, мини, дириги-рано оружје и проектили и слични воен материјал и нивни делови; муниција и нејзини делови, вклучувајќи и приготвени полнења; куршуми и сачма приготвени за муниција:	
	1) Спортска муниција:	
	а) ловечка — — — — — — —	30
	б) друга — — — — — — —	30
	в) делови за муниција — — — —	30
	2) Друго:	
	а) за спортска муниција — — — —	30
	б) друго — — — — — — — —	Сл.

ОДДЕЛ XX — РАЗНИ ПРОИЗВОДИ

Глава 94 — Мебел и делови за мебел; постелина, мадраци, потпирачи на мадраци, перници и слична полнета мебелна стока

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) пневматични или водени душеци, јорган и перници, од главите 39, 40 и 62;

2) стандардни ламби, астални ламби, sидни ламби, конзоли за ламби и други гарнитури за ламби; што се распоредуваат според материјалот од кој се изработени (на пример: во тар. бр. 44.27, 70.14 или 83.07);

3) предмети од камен или керамички материјал, што се употребуваат како столици, седишта, маси или столбови, што се употребуваат во паркови, градини или во претсобја (главата 68 или 69);

4) огледала наменети за поставање на под (на пример: големи расклопувачки огледала — подвижни огледала), што спаѓаат во тар. бр. 70.09;

5) делови за општа употреба како што е определено во забелешката 2 кон одделот XV, од прости метали (одделот XV) или слични стоки од вештачки пластични материјали (што се распоредени во тар. бр. 39.07); и сефови што спаѓаат во тар. бр. 83.03;

6) мебел специјално наменет за ладилници од тар. бр. 84.15; мебел специјално наменет за машини за шиење (тар. бр. 84.41);

7) мебел специјално наменет за радио-грамофони, радио-апарати или телевизиски апарати (тар. бр. 85.15);

8) забарски плукални од тар. бр. 90.17;

9) стоки од главата 91 (на пример, сатови и кутии за сатови);

10) мебел специјално наменет за грамофони, диктафони или други апарати за снимање или репродукција на звук од тар. бр. 92.13;

11) мебел за детски играчки (тар. бр. 97.03), маси за билијар и друг мебел специјално конструиран за друштвени игри (тар. бр. 97.04) или за маѓеснички трикови (тар. бр. 97.05).

2. Повикувањето во тар. бр. 94.01 и 94.02 на столици и други седишта и во тар. бр. 94.02 и 94.03 на мебел не ги опфаќа предметите што не се наменети за ставање на под или на земја.

Оваа одредба, меѓутоа, не се однесува на следните предмети, па и ако се наменети да бидат прицврстени на sид или да стојат еден врз друг:

1) кујнски и слични долапи;

2) седишта и кревети на расклопување;

3) поединечни библиотеки и сличен поединечен мебел.

3. Предметите од мебел, па и со листови-плочи, делови или фитинзи од стакло, мермер или друг материјал, увезени раставено, треба да се сметаат како составен предмет на мебел, под услов деловите да се увезени заедно.

4. Во оваа глава повикувањето на делови стоки не го вклучува повикувањето на листови-плочи (сечени или не во форми под прав агол, но некомбинирани со други делови) од стакло (вклучувајќи и огледала) или од мермер или други камења.

Стоките опишани во тар. бр. 94.04, одвоено увезени, не се распоредуваат во тар. бр. 94.01, 94.02 или 94.03 како дел од стоки.

1	2	3
94.01	Столици и други седишта (освен оние од тар. бр. 94.02) па и оние што можат да се претворат во кревети, и нивни делови:	
	1) Од дрво:	
	а) поставени (тапацирани) или прекривени — — — — — — —	18
	б) друго — — — — — — — —	18
	2) Од метал:	
	а) поставени (тапацирани или прекривени — — — — — — —	18
	б) друго — — — — — — — —	18

1	2	3
	а) поставени (тапацирани или прекривени — — — — — — — —	18
	б) друго — — — — — — — —	18
94.02	Медицински, забарски, хирушки и ветеринарен мебел (на пример: операциони маси, болнички кревети со механички уреди); забарски и слични столици со механичко подигање, поместување или наведнување; делови за горните предмети:	
	1) Мебел за ординации — — — — —	16
	2) Столици со механичко подигање, поместување или наведнување — — —	16
	3) Делови — — — — — — — —	16
94.03	Друг мебел и негови делови:	
	1) За станови и угостителство:	
	а) од дрво — — — — — — —	18
	б) од метал — — — — — — —	18
	в) друг — — — — — — —	18
	2) За канцеларии:	
	а) од дрво — — — — — — —	18
	б) од метал — — — — — — —	18
	в) друг — — — — — — —	18
	3) За училишта:	
	а) од дрво — — — — — — —	18
	б) од метал — — — — — — —	18
	в) друг — — — — — — —	18
	4) Друго:	
	а) од дрво — — — — — — —	18
	б) од метал — — — — — — —	18
	в) друг — — — — — — —	18
94.04	Мадраци, предмети за постелина и слични предмети на мебел снабдени со федери или полнети со кој и да е материјал или од експандиран, пенлив или сунѓерест каучук или од вештачки пластични материјали превлечени или не (на пример, душеци, јоргани, перини, перници, перничиња и возглавја):	
	1) Изработки од експандиран, пенлив или сунѓерест каучук, па и комбинувани со други материјали — — — — —	18
	2) Друго — — — — — — — —	18

Глава 95 — Предмети и изработки од материјали за резбарија и оформување

Забелешки:

Оваа глава не опфаќа:

1) предмети од главата 66 (на пример, делови од чадори, бастуни);

2) пафтала и рачни заклони, не механички (тар. бр. 67.05);

3) предмети од главата 71 (на пример: имитација на накит);

4) ножарски изработки или други предмети од главата 82 со или без рачки и други делови од материи за резбарија или моделирање; тарифните броеви од оваа глава, меѓутоа опфаќаат одвоени рачки или други делови од такви предмети;

5) предмети од главата 90 (на пример: рамки за очила);

6) предмети од главата 91 (кутии за сатови или часовници);

7) предмети од главата 92 (на пример: музички инструменти и нивни делови);

8) предмети од главата 93 оружје и делови за оружје);

9) предмети од главата 94 (мебел и делови од мебел);

10) четки, пуфни за пудерирање или други предмети од главата 96;

11) предмети од главата 97 детски играчки, предмети за друштвени игри и спортски реквизити);

12) предмети од главата 98 (копчиња, копчиња за манжетни, лулиња, чешли);

13) предмети на колекциии и старини (главата 99).

1	2	3
95.01	Желковина обработена и предмети од желковина — — — — — — — —	30
95.02	Седеф обработен и предмети од седеф —	30
95.03	Слонова коска обработена и предмети од слонова коска — — — — — — —	30
95.04	Обработена коска (освен коски од кит) и прдмети од коски (освен од коски од кит)	30
95.05	Рогови обработени, корали (природни или агломерирани) и други материи за резбарија од животинско потекло, и предмети од рогови, корали, природни или агломерирани) или од други материи за резбарија од животинско потекло — — — —	30
95.06	Растителни материи, обработени (на пример: корозо) и предмети од растителни материи за резбарија — — — — —	30
95.07	Обработен гагат (и минерални замени за гагат), килибар, морска пена, агломериран килибар и агломерирана морска пена, и предмети од овие материи:	
	1) Килибар и изработки:	
	а) природен — — — — — — —	30
	б) вештачки — — — — — — —	30
	2) Друго — — — — — — — —	30
95.08	Предмети оформени или резбарени од восок, стеарин, природни гуми или природни смоли (на пример: копал или колофониум), или од паста за моделирање, и други оформени или резбарени предмети на друго место неспоменати ниту опфатени; желатин несјакнат, обработен (освен желатин од тар. бр. 35.03) и предмети од несјакнат желатин — — — — — —	30

Глава 96 — Метли, четки, пајалки од пердув, пуфни за пудерирање и сита

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) предмети од главата 71;

2) четки што се наменети за употреба во забарството или за медицински, хирушки или ветеринарни цели, од тар. бр. 90.17;

3) детски играчки (главата 97).

2. Во тар. бр. 96.03 изразот „приготвени јазоли и снопови за изработка на метли и четки" се однесува само на немонтирани јазоли и снопови од животинско влакно од растителни влакна или од други материјали, што се готови за вградување без понатамошна делба, во метли, четки или што бараат само такви помали процеси како што се лепење или превлекување дебелите краишта или подрежување на врвовите заради приспособување за такво вградување.

96.01	Метли и четки од шипје или други растителни материи, врзани во сноп но немонтирани во врвот (на пример метли и метлички), со или без рачки — — — —	15

1	2	3
96.02	Други метли и четки (вклучувајќи и четки што се употребуваат како делови за машини); валјци за малање, бришачи од каучук за подови (освен гумени валјци за сушење) и бришалки од крпи за под:	
	1) Четкици за заби — — — — — —	20
	2) Четкици за бричење — — — — —	20
	3) Четки за бојосување — — — — —	20
	4) Валјци за малање — — — — —	20
	5) Бришачи од каучук — — — — —	20
	6) Четки за облека и обувки — — —	20
	7) Друго — — — — — — — —	20
96.03	Приготвени јазли и снопови за изработка метли и четки:	
	1) Од животинско потекло — — — —	20
	2) Од растително потекло — — — —	20
	3) Друго — — — — — — — —	20
96.04	Пајалки од пердув за прав — — — —	25
96.05	Пуфни за пудросување и перничиња од кој и да е материјал за употреба на козметички или тоалетни средства — — —	30
96.06	Рачни сита и рачни решета, од кој и да е материјал — — — — — — — —	20

Глава 97 — Играчки, предмети за друштвени игри и спортски реквизити; нивни делови

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) свеќички за китење елки (тар. бр. 34.06);

2) огномети или други пиротехнички предмети од тар. бр. 36 05;

3) предива, монофили, јажиња или ортоми и слично за риболов, сечени во определени должини, но не изработени во стракови за риболов, од точката 39, тар. бр. 42.06 и одделот XI;

4) спортски торби или други завои од тар. бр. 42.02 или 43.03;

5) спортски облеки или облеки за балови под маски, од текстилен материјал, од главата 60 или 61;

6) знамиња и стегови од текстил и едра за пловни средства или едрилици од главата 62;

7) спортски обувки (освен чевли за лизгање со прицврстени лизгалки), доколеници за крикет, коскобрани и слично, од главата 64 или спортски шлемови и слично од главата 65;

8) стапови за качување, камшици, корбачи и слично (тар. бр. 66.02) и нивни делови (тар бр. 66.03);

9) немонтирани стаклени очи за кукли и други играчки, од тар. бр. 70.19;

10) делови за општа употреба како што се определени во забелешката 2 кон одделот XV, од прости метали (одделот XV) или слични стоки од вештачки пластични материи што се распоредуваат во тар. бр. 39.07;

11) предмети од тар. бр. 83.11;

12) спортски возила (освен санките со лизгалки, тобоганите и сл.) од одделот XVII;

13) детски велосипеди со топчести лагери и во нормална форма на велосипеди за возрасни;

14) спортски пловила како што се: канои и скифови (главата 89) или средства за нивен погон (главата 44, за такви предмети изработени од дрво);

15) очила, заштитни очила и слично, за спортови и игри под ведро небо;

16) предмети за мамење, довикување и пиштолки (тар. бр. 92 08);

17) оружје и други предмети од главата 93;

18) жици за рекети, шатори и други кампинг стоки или наракавици (што се распоредуваат главно според материјалот од кој се изработени).

2. Тарифните броеви од оваа глава ги вклучуваат предметите во кои бисерите, скапоцените или полускапоцените камења (природни, синтетични или реконструирани), благородни метали или валани благородни метали сочинуваат помал дел од предметите.

3. Во тар. бр. 97.02 изразот „кукли" опфаќа само такви предмети ако представуваат човечки суштества.

4. Некомплетен или недовршен предмет се распоредува како соодветен комплетен или довршен предмет, под услов да има битни карактеристики на тој комплетен или завршен предмет.

5. Согласно на забелешката 1 од оваа глава, деловите или приборите што се годни за употреба единствено или главно со предметите што спаѓаат во оваа глава, се распоредуваат со тие предмети.

1	2	3
97.01	Играчки со тркала, конструирани за јавање или возење деца (на пример, велосипеди и трицикли-играчки и автомобили со педала); колички за кукли со две или четири тркала:	
	1) Детски велосипед, со пречник на тркалата до 24" — — — — — —	15
	2) Автомобили со педала — — — —	15
	3) Тротинети — — — — — — —	15
	4) Друго — — — — — — — — —	15
97.02	Кукли:	
	1) Кукли од пластични материи — —	15
	2) Кукли од каучук — — — — — —	15
	3) Други — — — — — — — —	15
97.03	Други играчки; разни модели што се употребуваат со цел за рекреација:	
	1) Без механизам — — — — — —	15
	2) Со механизам — — — — — —	15
97.04	Предмети за друштвени игри, игри на маса и панаѓурски друштвени игри за возрасни или деца (вклучувајќи ги и масите за билијар и масите за куглање и реквизитите за пинг-понг):	
	1) Карти за играње — — — — — —	35
	2) Топки за пинг-понг — — — — —	15
	3) Маси за пинг-понг — — — — —	15
	4) Ракети и мрежи за пинг-понг — —	15
	5) Друго — — — — — — — —	35
97.05	Карневалски предмети; предмети за забава (на пример, маѓеснички трикови и необични шеги); украси за елка и слични предмети за празници:	
	1) Вештачки елки — — — — — —	20
	2) Украси за елки и слични предмети за празници — — — — — — —	30
	3) Друго — — — — — — — —	30
97.06	Справи, апарати, прибори и реквизити за гимнастика или атлетика или за спортови и игри под ведро небо (освен оние предмети што спаѓаат во тар. бр. 97.04):	
	1) Топки за тенис — — — — — —	15
	2) Ракети и мрежи за тенис — — —	15
	3) Смучки, стапови за скок во височина и копја — сé од дрво —— — — —	15
	4) Лизгалки — — — — — — — —	15
	5) Ролшуи-возалки — — — — — —	15
	6) Метални стапови за скок во височина	15
	7) Перки за подводен риболов — — —	15
	8) Спортски и гимнастички прибор од дрво, и други спортски реквизити — —	15
97.07	Јадици, прибор за пецање, рачни мрежи за фаќање риби и пеперудки; „птици" за мамење, чучулигини огледала и слични реквизити за лов и стрелаштво:	
	1) Јадици — — — — — — — — —	15
	2) Чекрци — — — — — — — — —	15

1	2	3
	3) Стапови за пецање — — — — —	15
	4) Мамци — — — — — — — —	15
	5) Друго — — — — — — — —	15
97.08	Вртелешки, рингишпили, штандови за гаѓање и други вашарски предмети за забавување, патувачки циркуси, патувачки менажерии и патувачки театри — — —	25

Глава 98 — Разни изработки

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) Моливи за веѓи и други козметички моливи (тар. бр. 33.06);

2) Копчиња, алки, копчиња за манжетни и други предмети опишани во тар. бр. 98 01 или 98.12, ако се изработени сосема или делумно од благородни метали или валани благородни метали (под условите од забелешката 2 под 1 кон главата 71), или ако содржат бисери или скапоцени или полускапоцени камења (природни, синтетични или реконструирани — главата 71);

3) делови за општа употреба, како што е определено во забелешката 2 кон одделот XV, од прости метали (одделот XV), или слични стоки од вештачки пластични материи) што се распоредени во тар. бр. 39.07;

4) перца за математички цртања (тар. бр. 90.16);

5) детски играчки од главата 97.

2. Под условите од забелешката 1 кон оваа глава, тарифните броеви во оваа глава ги опфаќаат стоките опишани во нив било да се составени или не сосема или делумно од благородни метали, или валан благороден метал на прост метал, или од бисери или скапоцени или полускапоцени камења (природни, синтетични или реконструирани).

3. Сандаците, кутиите и слични завои, увезени со предметите од оваа глава се распоредуваат со таквите предмети, ако се од оние видови што обично се продаваат со нив. Сандаците, кутиите и слични обвивки увезени одвоено се распоредуваат според нивните соодветни тарифни броеви.

1	2	3
98.01	Копчиња и оформени копчиња, алки, копчиња за манжетни, копчиња што се затвораат со притискување, од сите видови и патент-копчиња; недовршени и готови делови на овие предмети:	
	1) Копчиња метални, освен од благородни метали — — — — — —	20
	2) Копчиња за манжетни — — — —	27
	3) Копчиња од седеф — — — — —	30
	4) Копчиња што се затвораат со притискување (дрикери) — — — — —	27
	5) Стаклени копчиња и копчиња од пластични материи — — — — — —	28
	6) Друго — — — — — — — —	30
98.02	Затворачи на повлекување (рајсферширлуси) и нивни делови — — — — — —	30
98.03	Пенкала и моливи (вклучувајќи и пенкала и моливи со топчиња) и други перца, држали за перца, држали за моливи и слични држали и патент-моливи; делови и опрема за нив, освен од тар. бр. 98.04 или 98.05:	
	1) Пенкала — — — — — — — —	20
	2) Патент-моливи — — — — — —	20
	3) Хемиски моливи — — — — — —	20
	4) Гарнитури стоки од точ. 1 до 3 — —	20
	5) Друго — — — — — — — —	20
	6) Делови — — — — — — — —	20

1	2	3
98.04	Перца за пишување и врвови на перца за пишување:	
	1) Перца за пишување:	
	а) од благородни метали:	
	1) од злато — — — — — — —	20
	2) Друго — — — — — — —	20
	б) друго — — — — — — — —	20
	2) Перца за цртање — редис — — —	20
	3) Перца за извлекување — — — —	20
	4) Други перца — — — — — — —	20
	5) Врвови на перца — — — — — —	20
98.05	Моливи (освен моливите од тар. бр. 98.03), пишувалки и моливи од шкрилци, мини за моливи и пастели, јаглен за цртање и пишување, креди за пишување и цртање; шивачка и билијарска креда:	
	1) Моливи:	
	а) обични графитни — — — — —	12
	б) друго — — — — — — — —	12
	2) Креда за пишување и цртање — —	12
	3) Друго — — — — — — — —	12
98.06	Таблици и плочи од шкрилци за пишување и цртање, со рамки или без нив	5
98.07	Датумери, жигови и слични печати; рачни; рачни слагачки штички и рачни печатарски слогови што содржат рачни печатарски или слагачки штички:	
	1) Нумератори:	
	а) со автоматско менување — — —	15
	б) други — — — — — — —	15
	2) Друго — — — — — — — —	15
98.08	Ленти за машини за пишување и слични ленти, та и на калеми; јастуче за штамбили со или без кутии:	
	1) Ленти за машини за пишување, сметање и слични машини — — — —	15
	2) Друго — — — — — — — —	15
98.09	Печатен восок (вклучувајќи го и восокот за печатење шишиње) во стапчиња, колаци или слични форми; пасти за копирање врз базата на желатин, па и на подлога од хартија или текстил — —	15
98.10	Механички и слични запалки, вклучувајќи и хемиски и електрични запалки, делови за запалки освен кремења и фитили:	
	1) Од благородни метали — — — —	30
	2) Друго — — — — — — — —	25
98.11	Лулиња за пушење; глави, дршки и други делови за лулиња (вклучувајќи и грубо обработени парчиња од дрво или корења); цигарлоци за пури и цигари, и нивни делови — — — — — — —	25
98.12	Чешли, фуркети и слично:	
	1) Чешли за чешлање:	
	а) од пластични материи — — —	20
	б) од цврст каучук — — — — —	20
	в) друго — — — — — — — —	20
	2) Украсни чешли — — — — — —	20
	3) Друго — — — — — — — —	20
98.13	Прачки за стезници и слични подлоги за предмети на облека или прибор за облека — — — — — — — — —	20
98.14	Прскалки за мириси и слично, што се употребуваат за тоалетни цели, нивни затворачи и глави:	
	1) Сосема или делум од благородни метали — — — — — — — — —	30
	2) Друго — — — — — — — —	30

1	2	3
98.15	Термос-шишиња и други изолирани садови комплетни, нивни делови, освен шишиња од стакло:	
	1) Комплетни — — — — — — — —	20
	2) Делови — — — — — — — — —	20
98.16	Шивачки кукли и манекени, автомати и други подвижни фигури за аранжирање излози — — — — — — — — — —	15

ОДДЕЛ XXI — ПРЕДМЕТИ НА УМЕТНОСТА, НА КОЛЕКЦИИ И СТАРИНИ

Глава 99 — Предмети на уметноста, на колекции и старини

Забелешки:

1. Оваа глава не опфаќа:

1) неупотребени поштенски, таксени и слични марки, што се во оптек или новоиздадени во земјата за која се наменети (тар. бр. 49.07);

2) малани платна за декори на театри, позадински платна за студија или слично од малан канафас (тар. бр. 59.12);

3) бисери и скапоцени или полускапоцени камења (тар. бр. 77.01 или 77.02).

2. За примена на тар. бр. 99.02 изразот „оригинални гравури, печатени слики и литографии" означува отисоци произведени директно, во црнобело или во боја со една или повеќе плочи сосема изведени со раката на уметникот, без оглед на постапката или материјалот употребен за тоа, но не вклучувајќи кој и да е механички или фотомеханички процес на изработката.

3. Тар. бр. 99.03 не опфаќа во маса произведени репродукции или дел на конвенционалното занаетчиство од трговски карактер.

4. Под условите од забелешката 1 до 3 на оваа глава, предметите што спаѓаат во тарифните броеви од ова глава треба да се распоредат во некој од овие тарифни броеви на кои им се најсродни, а не во некој друг тарифен број.

Тар. бр. 99.06 не опфаќа предмети што спаѓаат во некој од претходните тарифни броеви од оваа глава.

5. Рамките за слики, цртежи, пастели, гравури, печатени слики или литографии треба да се третираат како да сочинуваат дел од овие предмети, под услов да се од таков вид и со нормална вредност во однос на тие предмети.

99.01	Слики, цртежи и пастели, изработени во потполност со рака (освен индустриски цртежи што спаѓаат во тар. број 49.06 и занаетчиски производи сликани или украсени со рака) — — — — — —	Сл.
99.02	Оригинални гравури, печатени слики и литографии — — — — — — — —	Сл.
99.03	Оригинални скулптури и кипови, од кој и да е материјал — — — — — —	Сл.
99.04	Поштенски, таксени и слични марки (вклучувајќи и поштенски ознаки-жигови и франкирани пликови, писма, картички и слично), употребени или ако се неупотребени кои не се во оптек во земјата за која се наменети — — — —	Сл.
99.05	Колекции и примероци за зоолошки, ботанички, минеролошки, анатомски, историски, археолошки, палеонтолошки, етнографски или нумизматични збирки — —	Сл.
99.06	Антиквитети (старини), стари над 100 години — — — — — — — — — —	Сл.

608.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОСНОВНИОТ ЗАКОН ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА СТАНБЕНИТЕ ЗГРАДИ, СТАНОВИТЕ И ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ

Се прогласува Основниот закон за утврдување на вредноста на станбените згради, становите и деловните простории, што го усвои Сојузната скупштина на заедничката седница на Сојузниот собор и Стопанскиот собор од 24 јули 1965 година.

П. р. бр. 324
24 јули 1965 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Го заменува Претседателот
на Сојузната скупштина
Потпретседател,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

ОСНОВЕН ЗАКОН

ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА СТАНБЕНИТЕ ЗГРАДИ, СТАНОВИТЕ И ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ

Член 1

Повторно утврдување на вредноста на станбените згради и на становите, како и на деловните простории што се издаваат во закуп, а се изградени до 31 декември 1964 година, ќе се изврши со нивната состојба на 1 август 1965 година.

Член 2

Новата вредност на станбените згради, становите и деловните простории ќе се утврди спрема цените на изградбата на станбените згради, становите и деловните простории — во декември 1964 година.

Просечната цена на изградбата од ставот 1 на овој член по квадратен метар полезна површина, а според карактеристиките на станбените згради, становите и деловните простории ја утврдува општинското собрание.

Член 3

Повторното утврдување на вредноста на станбените згради, становите и деловните простории ќе се изврши спрема мерилата и на начинот што ќе ги пропише општинското собрание.

Со прописот од ставот 1 на овој член ќе се утврдат елементите за пресметување на новата вредност на станбените згради, становите и деловните простории зависно од трошоците на изградбата, дотраеноста на зградата, станот односно деловната просторија, положбата на станот во зградата како и од другите елементи што влијаат врз употребливоста на станот.

Член 4

Ако работите на повторното утврдување на вредноста на станбените згради, становите и деловните простории му се доверат на општинскиот фонд за станбена изградба, за финансирање на тие работи можат да се употребат средства на општинските фондови за станбена изградба.

Член 5

Општинското собрание може да пропише обврска за плаќање аконтации на новите станарини и закупнини што ќе се утврдат врз основа на повторно утврдената вредност на закупените станови и деловни простории.

Општинското собрание може заради утврдување височината на аконтацијата од ставот 1 на овој член, да пропише коефициенти што ќе се применат врз постојните станарини и закупнини.

Член 6

Сојузниот секретар за финансии донесува, по потреба, поблиски прописи за начинот на евидентирањето и книжењето на повторно утврдените вредности на станбените згради, становите и деловните простории.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

609.

Врз основа на членот 217 став 1 точка 1 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, издавам

УКАЗ

ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕТО НА СТАНБЕНАТА ИЗГРАДБА

Се прогласува Законот за престанок на важењето на Законот за финансирањето на станбената изградба, што го усвои Сојузната скупштина на заедничката седница на Сојузниот собор и Стопанскиот собор од 24 јули 1965 година.

П. р. бр. 325
24 јули 1965 година
Белград

Претседател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

Го заменува Претседателот
на Сојузната скупштина
Потпретседател,
Мијалко Тодоровиќ, с. р.

ЗАКОН

ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕТО НА СТАНБЕНАТА ИЗГРАДБА

Член 1

Законот за финансирањето на станбената изградба („Службен лист на ФНРЈ", бр. 47/59 и 12/62) престанува да важи на 31 декември 1965 година.

Член 2

Паричните средства на фондовите за станбена изградба како и средствата на тие фондови, дадени на кредит, се пренесуваат со состојбата на 31 декември 1965 година во кредитниот фонд на банката што ќе ја определи собранието на односната општествено-политичка заедница.

Средствата пренесени во кредитниот фонд на банката според ставот 1 од овој член не влегува во основот за утврдување на минималниот износ за основање на банката, освен при основањето на инвестициона банка за станбена изградба.

Член 3

Со пренесувањето на средствата во кредитниот фонд на банката според членот 2 од овој закон општествено-политичката заедница се здобива со право да учествува во органите на банката, со тоа што да не може да има повеќе од 20% од вкупниот број на гласовите во собранието на банката (член 177 од Законот за банките и кредитните работи).

Член 4

Средствата од членот 2 на овој закон банката ќе ги користи за кредитирање на станбена изградба и за кредитирање на купувачката на станови, и за извршување на обврските од укинатите фондови за станбената изградба што произлегуваат од договорите склучени во согласност со одредбите од Законот за финансирањето на станбената изградба.

Банката може со средствата од ставот 1 на овој член да ја кредитира изградбата на водовод и канализација, како и други работи на уредување земјиште за станбена изградба.

Банката може да го намали договорениот кредит во користење до едногодишниот износ на средствата што корисникот на кредитот задолжително ќе ги издвои за станбена изградба во 1966 година.

Член 5

Ако фондовите за станбена изградба на 31 декември 1965 година располагаат со довршени и недовршени згради, станови и деловни простории, тие згради, станови и деловни простории се пренесуваат врз банката од членот 2 на овој закон.

Зградите, становите и деловните простории од ставот 1 на овој член банките, согласно со одредбите од Законот за промет на земјишта и згради („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/54, 19/55, 30/62 и 53/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65) ќе ги продадат до 30 јуни 1966 година.

Ако банката не може да продаде згради, станови и деловни простории, таа ќе им ги предаде на организациите за управување со станбени згради од територијата на општината од чиј фонд за станбена изградба произлегуваат станбените згради, становите и деловните простории, со надоместок кој не може да биде помал од износот на амортизацијата.

Средствата остварени со продажба на станбените згради, становите и деловните простории од ставот 1 на овој член се внесуваат во кредитниот фонд на банката за намените од членот 4 на овој закон.

Член 6

Спрема фондовите за станбена изградба ќе се спроведува постапка за редовна ликвидација во смисла на одредбите од Основниот закон за претпријатијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/65), доколку со овој закон не е определено поинаку.

Член 7

Органите на управување на фондовите за станбена изградба и банките ќе направат примопредаен биланс за средствата од членот 2 на овој закон најдоцна до 15 јануари 1966 година

Член 8

Управните одбори на фондовите за станбена изградба се должни да извршат постапно пренесување на работите врз банките односно врз други организации.

Член 9

Со денот на влегувањето во сила на овој закон републичките фондови, фондовите на автономните покраини и општинските фондови за станбена изградба можат да склучуваат нови договори за кредитирање само во границите на приходите што ќе ги остварат до крајот на 1965 година.

По исклучок, управните одбори на фондовите за станбена изградба можат со договори за кредит да ги товарат идните средства на кредитниот фонд на банката ако со таквите договори се согласат банките што ќе ги преземат обврските на фондовите.

Член 10

Средствата на амортизацијата на станбените згради и становите и приходите од закупнините за деловните простории, престануваат да бидат приходи на општинските фондови за станбена изградба со денот на пренесувањето на станбените згради, становите и деловните простории врз организацијата за управување со станбените згради.

Член 11

Обврските на општинските фондови за станбена изградба настанати врз основа на Уредбата за средствата и за начинот на исплатувањето на надоместокот за национализираните наемни згради и градежно земјиште („Службен лист на ФНРЈ", бр. 42/62), се пренесуваат врз организацијата што ќе го преземе управувањето со станбените згради.

Член 12

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

610.

Врз основа на членот 20 од Законот за Царинската тарифа („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/65), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ЦАРИНСКИ КОНТИНГЕНТИ

1. Царинските контигенти се применуваат на следните стоки:

Тарифен број	Назив на стоката
01.01 до 01.06	Живи животни
04.05	Јајца
05.04	Црева, сурови и солени
07.01	Зеленчук, свеж или разладен
07.01	Мешунест зеленчук во зрна
08.01 до 08.09	Овошје за јадење
11.07	Слад, пржен или не
15.01	Свињска маст
15.02	Лој
15.07	Соино сурово масло
15.07	Сурово масло од маслинки
15.12	Маст и масла хидрогенизирани
17.01	Шеќер од шеќерна репка и шеќерна трска
23.01 до 23.07	Остатоци и отпадоци на прехранбената индустрија, приготвена храна за животни
24.01	Суров тутун во лист
25.01	Сол
25.04	Графит природен
25.07	Каолин
25.23	Цемент и цементен клинкер
25 24	Азбестно влакно
25.26	Лискун
25.27	Природен талк
26.01	Метални руди и концентрати
27.04	Кокс
27.09	Нафта и масло од шкрилци, сурови
27.10	Авио-бензин
27.10	Плинско масло (дизел гориво)
27.10	Брајшток
27.14	Битумен од нафта
27.15	Битумен природен
28.02	Сулфур
28.03	Високоактивни саѓи
28.05	Жива
28.08	Сулфурна киселина
28.09	Азотна киселина
28.17	Натриум хидроксид (каустична сода)
28.25	Оксиди на титан
28.29	Криолит
28.42	Натриум карбонат (калцинирана сода)
29.34	Тетраетил на олово
29.38 до 29.40	Провитамини, витамини, хормони и енцими
29.44	Антибиотици
30 01 до 30.03	Фармацеутски производи
31.02 до 31.05	Ѓубриња
32.05	Синтетични органски материи за бојосување
32.05	Индиго природен
32.13	Печатарски бои
37.02	Филмски ленти
38.11	Средства за дезинфекција и дезинсекција
40.01 до 40.03	Каучук
40.11	Тракторски гуми
40.15	Цврст каучук
41 01	Сурови кожи
41.02 до 41.04	Делумно штавени кожи
45.01 до 45.02	Плута, сурова
48.01	Рото-хартија
50 01	Кокони од свилени буби
главата 51	Вештачки и синтетични текстилни влакна (бескрајни)
53.01 до 55.05	Волна и друго животинско влакно
55.01 до 55.03	Памук
55.05	Предиво од памук, непригодено за продажба на мало
55.06	Предиво од памук, пригодено за продажба на мало
55.07	Ткаенини од памук и газа врзувани
55.08	Фротирни ткаенини за бришки и слични фротирни ткаени од памук
55.09	Други ткаенини од памук
главата 56	Вештачки и синтетични влакна (испрекинати)
57.02	Влакна од манила
57.03	Влакна од јута
57.04	Влакна од сисал и кокос
57 06	Предиво од јута
57.07	Предиво од други растителни текстилни влакна (манила, сисел, кокос, други)
57.10	Ткаенини од јута
57.11	Ткаенини од други растителни текстилни влакна
59.17	Авто-корд од рајон
70.05	Стакло за прозорци
70.18	Оптичко стакло
71.02	Индустриски дијамант
73.01 до 73.15	Железо и челик и нивни изработки
73.18	Цевки и цевоводи
74.01	Бакар
75.01	Никел
76.01 до 76.07	Алуминиум и алуминиумски производи
77.01	Магнезиум

Тарифен број	Назив на стоката
77.04	Берилиум
79.01	Цинк
80.01	Калај
81.01 до 81.04	Други прости метали
Оддел XVI	Машини, апарати и уреди; електротехничка опрема; нивни делови
Оддел XVII	Возила, воздухоплови и нивни делови; пловила и придружувачка транспортна опрема
Оддел XVIII	Оптички, фотографски, кинематографски, мерни, контролни, прецизни и хирушки инструменти и апарати; сатови и часовници; музички инструменти; апарати за снимање и репродукција на звук; телевизиски апарати за снимање и репродукција на слика и звук, магнетски; нивни делови

2. Царинските контингенти се применуваат на увозот на стоките од точката 1 на ова решение што ќе се изврши од 26 јули 1965 година.

3. Сојузниот секретар за финансии, во спогодба со сојузниот секретар за надворешна трговија, ќе ги определи пониските царински стопи или од плаќање царина ќе ги ослободи стоките за кои е предвиден царински контингент со ова решение.

4. Решенијата за царинските контингенти за 1965 година донесени врз основа на досегашните прописи, остануваат во сила, со тоа што сојузниот секретар за финансии, во спогодба со сојузниот секретар за надворешна лрговија, ќе ги усогласи со Законот за Царинската тарифа и со ова решение.

5. Ова решение влегува во сила на 26 јули 1965 година.

Р. п. бр. 125
21 јули 1965 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ с. р.

ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ РЕПУБЛИКИ

СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“ во бројот 3 од 1 февруари 1965 година објавува:

Упатство за начинот на преземање архивите на поранешните општини и на околиите како и за ставање на располагање службениците на општинските и околиските собранија и нивните фондови;

Упатство за извршување на одредбите од членовите 10, 15, 16, 17, 18, 22, 23, 26, 29 и 30 од Законот за подрачјата на општините во Социјалистичка Република Македонија.

Во бројот 4 од 9 февруари 1965 година објавува:

Закон за Републичкиот фонд за унапредување на кинематографијата;

Закон за изменување и дополнување на Законот за настојниците на згради;

Закон за престанок на важењето на Законот за основните услови за зидање згради;

Закон за изменување и дополнување на Законот за надградување;

Закон за изменување и дополнување на Законот за оџачарската дејност;

Закон за укинување на Уредбата за изградба на станбени згради на лицата пребегани од Егејска Македонија;

Закон за пренесување на надлежностите од околиските органи на општинските и републичките органи;

Закон за изменување на Законот за изборните единици за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија;

Одлука за утврдување бројот на судиите во окружните и окружните стопански судови во Социјалистичка Република Македонија;

Решение за распишување на избори за пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

Во бројот 5 од 12 февруари 1965 година објавува:

Закон за придонесите и даноците на граѓаните;

Решение за основање Завод за рехабилитација на деца и младинци;

Решение за распишување на избори за одборници на Општинското собрание на Општината Охрид;

Решение за распишување на избори за одборници на Општинското собрание на Општината Битола.

СОДРЖИНА:

Страна

607. Указ за прогласување на Законот за царинската тарифа — — — — — — 1289
Закон за Царинската тарифа — — — 1289

608. Указ за прогласување на Основниот закон за утврдување на вредноста на станбените згради, становите и деловните простории — — — — — — — — — 1389
Основен закон за утврдување на вредноста на станбените згради, становите и деловните простории — — — — — — 1389

609. Указ за прогласување на Законот за престанок на важењето на Законот за финансирањето на станбената изградба — 1390
Закон за престанок на важењето на Законот за финансирањето на станбената изградба — — — — — — — — 1390

610. Решение за определување царински контигенти — — — — — — — — —, 1391

Издава Новинска установа „Службен лист на СФРЈ“, Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и одговорен уредник Љубодраг Ѓурић, Улица Јована Ристиќа бр. 1. — Печат на Белградскиот графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17